# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА

**во 2016**

## ЗЛОСТОРСТВА ОД ОМРАЗА




Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Мисијата се придржува до Одлуката PC.DEC/81 на Постојаниот совет на ОБСЕ

ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

**Издавач:**
Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија
претставуван од претседателот проф. д-р Гордан Калајџиев

**Уредник:**
Уранија Пировска

**Автори:**
д-р Воислав Стојановски
м-р Ангела Саплиева
Сања Барлаковска

**Подготовка за печат:**
СтудиоКРУГ ДОО

**Печати:**
Маринг ДООЕЛ Скопје

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

343.3/.7:316.647.5"2016"(047)

СТОЈАНОВСКИ, Воислав
Годишен извештај за криминалот од омраза во 2016 година / [автори Воислав Стојановски, Ангела Саплиева, Сања Барлаковска] ; [превод Јордана Шемко Георгиевска (албански), Ана Василевска (англиски)]. - Скопје : Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 2016. - 61 стр. : граф. прикази ; 27 см

Текст на мак., алб. и англ. јазик. - Публикацијата е во рамките на проектот: "Зајакнување на националните капацитети за справување со криминал од омраза и говор на омраза". - Содржи и: Raport vjetor për krimet nga urrejtja në vitin 2016 ; Annual report on hate crime in 2016

ISBN 978-608-4790-14-3
1. Саплиева, Ангела [автор] 2. Барлаковска, Сања [автор]
а) Криминални дејствија - Нетолеранција - 2016 - Извештаи
COBISS.MK-ID 103703306

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ул. Наум Наумовски Борче 83
1000, Скопје
тел: +389 (0)2 3119 073
факс: +389 (0)2 3290 469
веб: www.mhc.org.mk
е-пошта: helkom@mhc.org.mk

# СОДРЖИНА

**1. ЗА ПРОЕКТОТ** ..... **4**

**2. МЕТОДОЛОГИЈА** ..... **5**

2.1 Следење на националните печатени и електронски медиуми ..... 5

2.2 Обезбедување бесплатна правна помош за жртвите ..... 5

2.3 Следење судски случаи на злосторства од омраза ..... 5

2.4 Известување до ОБСЕ/ОДИХР за инциденти и злосторства од омраза ..... 6

2.5 Одржување интерактивна веб-страница за пријавување злосторства од омраза..... 6

**3. РЕЗИМЕ НА ГЛАВНИТЕ НАОДИ** ..... **7**

3.1 Контекст ..... 7

3.2 Број на инциденти ..... 7

3.3 Видови злосторства ..... 8

3.4 Инциденти според локацијата ..... 9

3.5 Инциденти по месец ..... 10

3.6 Инциденти според пристрасна мотивација ..... 10

3.7 Жртви и сторители ..... 10

3.8 Статус на случаите ..... 11

**4. АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТНИОТ ТИМ** ..... **12**

4.1. Следење на националните печатени и електронски медиуми ..... 12

4.2. Обезбедување бесплатна правна помош за жртвите на злосторства од омраза и следење судења ..... 12

4.3. Известување до ОБСЕ/ОДИХР за инциденти и злосторства од омраза ..... 13

4.4. Одржување интерактивна веб-страница за пријавување злосторства од омраза ..... 14

4.5. Придонес во 8 работилници за обучување на полицијата ..... 14

4.6. Одбележување на 22 јули – Европскиот ден на жртвите на злосторства од омраза ..... 15

**5. ЗАКЛУЧОЦИ** ..... **15**

**6. ПРЕПОРАКИ** ..... **16**

**АНЕКС** ..... **17**

Инциденти на злосторства од омраза во 2016 година ..... 17

# 1. ЗА ПРОЕКТОТ

Севкупната цел на овој проект е да придонесе за изготвување на ефективни и одржливи механизми на владеење на правото и правен систем што ќе ги штити правата на сите граѓани(к)и. Во таа насока, ОБСЕ продолжи да им помага на националните чинители во усвојувањето и кроењето на подобрувањата на законодавството што ги регулира злосторствата од омраза и говорот на омраза, да ги подобри капацитетите на релевантните институции и граѓански организации за справување со овие феномени, да ја зголеми свеста кај општата и експертска јавност за последиците на инцидентите предизвикани од пристрасност и да ја прошири регионалната академска размена.

*Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија* (МХК) во улога на партнер во спроведувањето на овој проект ги спроведе следните активности во полето на злосторствата од омраза:

1. Понатамошно следење инциденти/ злосторства од омраза со посебно внимание на насилство во спортот мотивирано од пристрасност;

2. Обезбедување бесплатна правна помош за жртвите на злосторства од омраза и следење судења;

3. Ревидирање на пријавените злосторства од омраза и придонес кон Годишниот извештај на ОДИХР за злосторства од омраза и инциденти во регионот на ОБСЕ за 2015 година;

4. Одржување, ажурирање и превод на веб-страницата www.zlostorstvaodomraza.mk;

5. Придонес кон 8 работилици на тема на злосторства од омраза во организација на Одделението за развој на полиција при Мисијата на ОБСЕ, каде ги прикажа наодите од своите набљудувања; и

6. Одбележување на предложениот Ден на жртвите од злосторства од омраза 22 јули и организација на прес-конференција и на настанот „Турлитава“ кој се одржа по трет пат.

# 2. МЕТОДОЛОГИЈА

## 2.1 Следење на националните печатени и електронски медиуми

МХК е претплатен на голем број дневни весници со различни идеолошки наклонетости и политичка определба. Следењето на електронските медиуми се вршеше секојдневно, преку двата најпознати генератори на вести на интернет (www.time.mk и www.grid.mk), како и со користење напредни опции за пребарување под одделот „Вести“ на www.google.com. Штом ќе се забележеше злосторство од омраза или инцидент, МХК го запишуваше насловот на сторијата и интернет-врската и го објавуваше на веб-страницата за пријавување злосторства од омраза - www.zlostorstvaodomraza.mk. Главната цел на следењето медиуми беше да се откријат потенцијалните појави на инциденти од омраза и да се стапи во контакт со наводните жртви заради интервју, како и да им се понуди можна бесплатна правна помош или судско следење на нивниот случај.

## 2.2 Обезбедување бесплатна правна помош за жртви

Секогаш кога ќе се идентификуваше и воспоставеше контакт со наводната жртва, МХК ги нудеше своите бесплатни услуги за правна помош. Се договараа средби со жртвите и нивните семејства. Средбите се одржуваа во канцеларијата на МХК или на локација по предлог на жртвата. За време на средбите, се правеше интервју. Во случаи кога станувaше збор за наводен инцидент/ злосторство, се земаше писмена изјава и жртвата беше замолувана да пополни стандарден формулар за барање бесплатна правна помош. Понатаму, од жртвите се бараше да достават копии од документи од важност за нивниот случај. На жртвите им беше давана поддршка во форма на охрабрување, придружба до полициска станица, изнаоѓање бранител кој би ги застапувал бесплатно, пишување кривични пријави, комуницирање со бранители кои веќе работат на случајот и пишување поднесоци во нивно име. Исто така беше нудено следење на случајот пред и за време на судењето.

## 2.3 Следење судски случаи на злосторства од омраза

Судското следење од страна на МХК започнуваше: 1) по формално барање за бесплатна правна помош поднесено во МХК од личност во кривична постапка поврзана со злосторства од омраза; и 2) по информација добиена од судот во врска со закажано судење и судење во тек поврзано со злосторства од омраза. Пред набљудувачот од МХК да започне со судското следење, а по формалното барање, личноста која го поднесуваше барањето беше замолена да обезбеди целосна документација поврзана со нејзиниот случај (т.е. фотокопии од сите правни документи собрани за време на постапката во домашните судови или други институции). Откако ќе се обезбедеа документите, беше назначуван правен советник кој го анализираше случајот и одлучуваше за понатамошни чекори кои требаше да се преземат пред, за време на судењето и по судењето. Правниот советник изготвуваше извештаи по однос на целокупната постапка и елабораше дали истата била спроведена во согласност со правните норми. Со судските следења му се овозможуваше на тимот да го оцени начинот на кој се третирани жртвите во правната постапка.

## 2.4 Известување до Мисијата на ОБСЕ во Скопје за инциденти и злосторства од омраза

Деталите во врска со инцидентите, како што се кус опис, датум, време и место, извор на информации, инволвирани жртви, сторители, статус на случајот, одговор на надлежните, влијание врз жртвите и заедницата беа постојано приложувани во Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Известувањето за инциденти и злосторства од омраза стана полесно со создавањето на веб-платформата за прикажување на мапа на злосторствата од омраза. Освен што можеше на интернет да се следат злосторствата и инцидентите од омраза откако ќе се случеа, Мисијата на ОБСЕ во Скопје добиваше и еден привремен и еден завршен извештај, подготвени од МХК. Овој завршен извештај ќе биде споделен со ОДИХР за нивниот годишен извештај за злосторства од омраза на земјите членки на ОБСЕ.

## 2.5 Одржување интерактивна веб-страница за пријавување злосторства од омраза

Веб-страницата – www.zlostorstvaodomraza.mk е интерактивна алатка која им овозможува на граѓаните да добијат информации и да пријават злосторства од омраза. Страницата содржи интерактивна мапа на која се прикажани приближни локации на инцидентите. На главната страница има список на категории на злосторства од омраза и пристрасни мотивации, таа овозможува информации во однос на начинот на кој граѓаните можат да пријават (е-апликации, твитер, електронска пошта и електронски формулар) и на неа се прикажани статистички графикони. Исто така има и ЧПП, материјали и речник каде може да се најдат информации во врска со проектот, значењето и опсегот на злосторства од омраза, како и публикации за злосторства од омраза.

Освен на македонски, страницата е достапна и на англиски и на албански јазик.

# 3. РЕЗИМЕ НА ГЛАВНИТЕ НАОДИ

## 3.1 Контекст

Интернет страницата на ОДИХР за известување за Злосторства од омраза покажува дека земјата испратила статистика за 5 злосторства од омраза за кои известила полицијата, од кои за 3 се покренати обвиненија, додека за 2 беше изречена казна. Сепак ОДИХР забележува дека „Поранешната Југословенска Република Македонија не известува за злосторствата од омраза изделено од случаите на говор на омраза“.[1] Во Извештајот за напредокот на земјата на Комисијата на ЕУ за 2016 година стои дека „Нема систематско собирање на податоци од пријавувањето, истражувањето и гонењето на говорот омраза и злосторствата од омраза. Податоците собрани од граѓанското општество покажуваат дека властите не постапуваат соодветно со таквите злосторства“.[2] Во 2014 година МХК објави посебна анализа за злосторства од омраза регистрирани во 2013 година.[3] Таа анализа, заедно со годишните извештаи за злосторствата од омраза за 2014 и 2015 година,[4] овој извештај и веб-страницата за известување за злосторства од омраза – www.zlostorstvaodomraza.mk, се први конкретни напори да се мапираат, да се следат и да се известува за инциденти на злосторства од омраза во земјата

## 3.2 Број на инциденти

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2016 година беа регистрирани вкупно 70 злосторства од омраза. Најмногу од инцидентите биле регистрирани откако за нив известиле медиумите или Министерството за внатрешни работи, додека 3 од инцидентите беа пријавени од набљудувачите на МХК. 35 инциденти беа потврдени преку контакт со полицијата, полициските билтени, медиумските известувања и средби со жртвите. 35 од инцидентите не беа потврдени, но сепак се вклучени во извештајот заради постоењето на индикаторите на пристрасност вклучувајќи: перцепција на жртва/сведок; коментари дадени на местото на настанот; разлика меѓу жртвата и сторителот според етничка основа; модел/зачестеност на претходни инциденти; природа на насилството; недостаток на други мотиви; и локација и време. Поконкретно, непотврдените инциденти беа вклучени поради добиената информација за местото на инцидентот (на пр. во етнички мешани населби и училишта, автобуски линии користени од припадници на различни етнички заедници, места на кои во минатото веќе се случиле злосторства од омраза итн.), видот на инцидентот (на пр.поголема група малолетници напаѓа една или повеќе жртви




1) Достапно на: http://hatecrime.osce.org/former-yugoslav-republic-macedonia (see ODIHR key observations).
2) European Commission, 2016 Progress report for the former Yugoslav Republic of Macedonia, Brussels, 9 November 2015, pg. 61.
3) Достапно на: http://www.mhc.org.mk/analysis/209
4) Достапно на: http://www.zlostorstvaodomraza.mk/page/index/2

без провокација, групни тепачки, напад во автобус или на автобуска станица итн.), време на инцидентот (по претходна тепачка како одмазда, по завршување на училишна настава, за време или по завршување на спортски настан итн.) и имотна штета за време на инцидентот (на пр. места за извршување религиозни обреди).  Непотврдените и потврдените пријави може одделно да се видат на веб-страницата за известување за злосторства од омраза (потврдените се обележани со текст во зелено прозорче, додека непотврдените со текст во црвено прозорче). Во Анекс I на овој извештај, потврдените и непотврдените инциденти се потенцирани со забелешка во заграда, веднаш по насловот на инцидентот.

Во споредба со злосторствата од омраза регистрирани во 2015 година, има пораст од 60 проценти во бројот на инциденти, во споредба со 2016 година (44/70). Најголемата промена се однесува на политичката определба или убедување како мотиви за пристрасност при извршување злосторство од омраза. Зголемувањето на овие видови на злосторства од омраза од 2015 до 2016 година, е 320% (5/21). Во споредба со инцидентите регистрирани во 2013 и 2014 година, најголемата промена во 2015 и 2016 е по однос на жртвите, од кои голем број се мигранти и бегалци. На крајот на 2014 година и во текот на 2015 и 2016 година, земјата сведочи претходно невиден број на бегалци што транзитираат низ земјата во обид да влезат во ЕУ Шенген зоната. 11 од 70те инциденти во 2016 година вклучувале напад и ограбување на бегалци и мигранти во текот на нивното транзитирање низ земјата. Во рамките на овие инциденти, најмалку 31 (речиси 35% од сите регистрирани жртви) сириски, авганистански, ирачки и марокански државјани станале жртви на злосторство од омраза.

Уште една драстична разлика помеѓу 2013 и 2014 година, во споредба со 2015 и 2016 година е тоа што во 2015 и 2016 година не беше регистриран ниту еден инцидент на злосторство на омраза поради сексуалната ориентација/родов идентитет на жртвата. Сепак, ова не мора да значи дека општеството станало потолерантно кон ЛГБТ-заедницата. Тука мора да се додаде дека државните власти потфрлија соодветно да ги истражат инцидентите во 2013 и 2014 година, а полицијата не успеа да уапси голем дел од сторителите. Неуспехот на државата да ги заштити жртвите, одбивањето на Парламентот да ја вклучи сексуалната ориентација како основа за можна дискриминација и злосторства од омраза, како и плановите на Владата од 2015 година уставно да го дефинира бракот како заедница исклучиво помеѓу маж и жена, имаат негативен ефект врз луѓето од ЛГБТ-заедницата кои можеби стравуваат да ги пријават злосторите сторени врз нив.

Последната разлика е бројот на инциденти поради македонската или албанска етничка припадност на сторителот/жртвата. Во 2013 година, овие инциденти изнесувале 84% од вкупните инциденти (98 од 116), додека во 2014 година, процентот бил 61% (53 од 87). Во 2015 година, се случиле само 34% такви инциденти (15 од 44). Во текот на 2016, 34 инциденти (од речиси 50%) се случиле помеѓу Македонци и Албанци. Трендот на намалување од 2013 до 2015 година се менува во 2016 година. Иако поретки отколку во 2013 и 2014 година, овие инциденти се најзагрижувачки во 2016 година, како што беше случај и во минатото.

## 3.3 Видови на кривични дела

Најголем дел од злосторствата се извршени од млади луѓе, вандали и ограбувачи. Жртвите и сторителите се најчесто припадници на различни етнички заедници (македонската или албанската), додека многу од жртвите се со мароканско, сириско, ирачко и авганистанско етничко потекло.




Регистраните инциденти се поврзани со наводни кривични дела предвидени во Кривичниот законик на земјата. Поголем дел од кривичните дела вклучуваат: телесна повреда, вклучително и тешки телесни повреди (32), насилство (29), оштетување имот (28), загрозување на безбедноста (27), учество во тепачка (10) и кражба, вклучувајќи и вооружена кражба (9). Понатаму, 24 од инцидентите спаѓаат под поттикнување на омраза, раздор и нетрпеливост на национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа, а 1 настан спаѓа под расна дискриминација. Често кривичните дела сторени во еден инцидент исполнуваат критериуми за две или повеќе кривични дела, па оттука е и поголемиот број на кривични дела, отколку на инциденти претставени во ова поглавје

## 3.4 Инциденти според локација










43 од инциндентите (70%) се случиле во Скопје и во скопското градско подрачје. Имало по 8 инциденти во Куманово, 4 во Битола и Тетово, 3 во Демир Капија и Неготино, 2 во Кавадарци и 1 во Гостивар, Штип и Кочани (самите градови или градските подрачја).

Многу од градовите во кои се случиле инцидентите се лоцирани долж паневропскиот коридор X. Инцидентите се случиле во близина на автопатот по кој се движеле бегалците на нивниот пат до ЕУ.

Во Скопје инцидентите вклучуваат напади помеѓу припадници на македонската и на албанската етничка заедница и оштетување на сопственост на политички партии. Ваквите инциденти биле забележани во општините Чаир (8), Ѓорче Петров (7), Карпош (6), Кисела Вода (4), Центар и Бутел (3), Арачиново (2), и Аеродром, Чучер Сандево и Сарај (1).

## 3.5 Инциденти по месец




Ноември е месецот во кој се случиле најголем број од инцидентите – 18 (26% од сите инциденти преку цела година). Имало 12 инциденти во февруари и 10 во март. Во октомври бил регистриран само еден инцидент. Исто така и во јуни, август и септември биле регистрирани само по 1 инцидент. Причината за наглото зголемување на инцидентие во февруари, март и ноември е политичката криза придружена со ескалирачки нивоа на говор на омраза и закажаните, а потоа и одложени (за април, па за јуни) предвремени избори за 2016 година, што конечно се одржаа во декември.

## 3.6 Инциденти според пристрасна мотивација

Злосторствата од омраза се случиле поради етничка припадност (46%), политичка определба (33%), статус на жртвата на бегалец, или мигрант (16%), верска припадност (4%) и расизам (1%). Речиси сите инциденти вклучуваат етнички Македонци или Албанци и како жртви и како сторители, и бегалци и мигранти како жртви.




## 3.7 Жртви и сторители




Имало минимум 92 жртви и 212 сторители на злосторства од омраза во текот на годината. Секогаш кога медиумите известуваа за неодреден број на сторители (на пример помеѓу 10 и 15), за овој извештај се земаше помалата вредност. Секогаш кога се известуваше дека „група“ на сторители извршиле злосторство од омраза, вредноста што се користеше за овој извештај беше 3 лица. Големо мнозинство на жртвите се малолетници од машки пол или бегалци или мигранти. Најмалку 26 од жртвите биле малолетни, додека 31 од нив биле мигранти, а најголем број од мигрантите биле од мароканско потекло (15). Најмалку 28 од сторителите биле малолетни.

## 3.8 Статус на случаите




За секој регистриран инцидент, МХК прати барање за информации до Министерството за внатрешни работи за да се распраша за статусот на случајот. Последните барања, вклучувајќи ги и барањата за текот на постапката беа испратени во јануари 2017 година, и примени во текот на февруари и март 2017 година. До затворањето на овој извештај, Министерството обезбеди информации за 65 од 70 инциденти. Полицијата ги лоцираше осомничените сторители во врска со минимум 18 од 70те случаи за кои обезбеди информации. Минимум 29 други инциденти беа пријавени на полицијата и беа под истрага. Полицијата исто така информира дека не регистрирале и не биле свесни за 8 од инцидентите регистрирани од МХК. Поднесени биле кривични пријави против сторителите на 13 инциденти, од кои 2 против непознати сторители. Прекршочни пријави биле поднесени против сторителите на 7 инциденти,

# 4. АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТИНОТ ТИМ

## 4.1 Следење на националните печатени и електронски медиуми

МХК следеше голем број дневни весници со различна идеолошка наклонетост и политичко убедување. Следењето на електронските медиуми се правеше на дневна основа, преку двата најпопуларни интернет-генератори на вести (www.time.mk и www.daily.mk), како и со користење на напредните опции за пребарување под секцијата „Вести“ на www.google.com. Штом беше забележано злосторство или инцидент од омраза, МХК го објавуваше на интернет-страницата за пријавување злосторства од омраза – www.zlostorstvaodomraza.mk (види активност 4.4. подолу). Спроведувајќи ја оваа активност, МХК забележа и објави 70 злосторства/инциденти од омраза во периодот помеѓу 1 јануари и 31 декември, 2016 година.

## 4.2 Обезбедување бесплатна правна помош на жртвите на злосторства од омраза и следење судења

За разлика од 2013 и 2014 година кога МХК беше и контактиран од страна на жртвите на злосторства од омраза и имаше шанса да лоцира голем број жртви преку медиумите кои објавуваа такви инциденти, во 2016 година немаше можност за тоа. Постојат бројни причини за намалениот број жртви кои добиле бесплатна правна помош во 2016 година, за разлика од 2013-2014 година: 1) намален број на инциденти; 2) голем број непознати сторители; 3) помал број на жртви се обратиле до МХК; 4) жртвите кои се бегалци и мигранти ја напуштиле земјата веднаш по инцидентот; 5) жртвите не се обратиле до медиумите; 6) Истражувањето на МХК во 2015 година покажа дека се води само еден тековен случај на злосторство од омраза низ сите судови во земјата.

Беше обезбедена правна помош на 11 бегалци и мигранти од Сирија и Мароко. Првиот инцидент се случи на 15 јануари 2016 година во близина на село Речица, Кумановско (види инцидент бр. 6 во Анекс I). На пат кон локалниот Прифатен центар за бегалци во Табановце, Куманово, локален набљудувач од МКХ (работејќи на друг проект со цел следење на состојбата со бегалската криза), затекнал 8 мигранти со потекло од Мароко на кои претходно им се заканувале со пиштол, биле нападнати со нож и ограбени од група на три непознати сторители. Локалниот набљудувач ги придружувал жртвите до полициската станица во Куманово каде го пријавиле случајот со сите познати детали за сторителите. Во март 2016 година полициската истрага сè уште беше во тек, а сторителите сè уште беа на слобода.

Вториот инцидент се случи на 26 април 2016 година, каде жртвата била бегалец од Сирија кој бил нападнат на пат од Прифатниот центар за бегалци во Табановце до селото Ваксинце (види

инцидент бр. 32 во Анекс I). Бегалецот бил нападнат и ограбен од непозната група на сторители по што се вратил во Центарот на Табановце. Откако влегол во центарот, се обратил на локалниот набљудувач на МХК на смена центарот кој го однел кај полициските службеници во Центарот каде злосторството било пријавено и регистрирано. Според Полициската станица Куманово, случајот се истражувал, меѓутоа во одговорот на МВР по поднесено барање од Комитетот е наведено дека таков инцидент не бил пријавен.

Третиот инцидент се случи на 12 август 2016 година и вклучувал два бегалци од Сирија кои биле на пат од селото Ваксинце до Прифатниот центар за Бегалци на Табановце (види инцидент бр. 42 во Анекс I). И двајцата биле нападнати од пет непознати сторители, а на едниот му била нанесена повреда со нож. Откако влегле во центарот, бегалците се обратиле на Црвениот крст и локалниот набљудувач на МХК на смена кој ги однел до полициските службеници во Центарот кои го регистрирале злосторството.

Кога станува збор за следењето на судења, во мај 2015 година, МХК доби одговор на своите барања за информации од сите 26 основни судови во земјата во врска со тековните судења поврзани со злосторства од омраза.[5] Во тек беше само едно судење на злосторство од омраза (предизвикување национална, расна или верска омраза, раздор или нетрпеливост) во Основниот суд во Струга, регистрирано од МХК во август 2013 година. Судењето се однесувало на еден обвинет, член на исламската религиозна заедница, кој бил обвинет заради неговите нелегални дејства во врска со спречувањето на локалното население при изградба на црква.[6] Наводно, обвинетиот го прекинал судијата кој веќе бил на местото на настанот вршејќи судски увид во врска со случајот за Православната црква „Св. Атанасиј“ против Општина Струга. Обвинетиот гласно се обратил на групата собрани граѓани, велејќи им дека селото е муслиманско, па соодветно нема место за Христијани, предизвикувајќи чувство на верска омраза меѓу сведоците и останатите присутни. Во март 2017 година, МХК доби одговор на своето барање на информации – конечната пресуда – од Основниот суд во Струга. Обвинетиот бил прогласен за виновен и му била изречена условна казна од една година затвор. Казната нема да биде спроведена ако обвинетиот не изврши уште едно кривично дело во следните две години.

## 4.3 Известување до ОБСЕ/ОДИХР за инциденти и злосторства од омраза

Од 1 јануари до 31 декември 2016 година, МХК регистрира 70 инциденти/злосторства од омраза. 35 од инцидентите се потврдени, додека 35 се се’ уште непотврдени. Етничката припадност (34 инциденти), политичката определба или убедување (21 инцидент), и бегалскиот или мигрантски статус (11 инциденти) се најчестите основи за извршување на злосторства од омраза во 2016 година. Дополнително, до 3 инциденти дошло поради верска припадност или убедување, а 1 инцидент бил резултат на расна дискриминација. 1 од инцидентите се случил за време на спортски напревар, додека 24 од инцидентите ги исполнуваат критериумите за кривичното дело „предизвикување национална, расна или верска омраза, раздор и нетрпеливост“. Наведените жртви и сторители се најчесто со различно етничко потекло (македонско, албанско, мароканско и сириско) или поддржувачи на двете најголеми политички партии во државата (СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ) или нивните коалициски партнери.

5) Годишен извештај за злосторства од омраза во 2015 година, ст. 105. Достапен на: http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/2017/ZLOSTORSTVA_OD_OMRAZA_2015_EN.pdf
6) За повеќе детали види: Annual Report on Hate Crime in 2013, Annex I, Incident No. 59, pg. 49. Available at: http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/692/HATE_CRIMES_MACEDONIA_-_ANNUAL_REPORT_2013.pdf

Детали околу инцидентите, како кус опис, датум, време и место, извор на информации, инволвирани жртви, сторители, статус на случајот, одговор од властите, влијание врз жртвите и заедницата можат да се најдат во Анексот I на овој извештај, под наслов „Инциденти на злосторства од омраза во 2016 година“. Во истиот анекс има и поле „индикатори на пристрасност“ кое е вклучено во секој поединечен инцидент. Тоа содржи податоци за: Перцепција на жртва/сведок; Коментари на местото на настанот; Разлика помеѓу жртва и сторител на етнички основ; Модел/зачестеност на претходни инциденти; Природа на насилството; Недостаток на други мотиви; Време и место. Освен што овозможува дополнителни информации во врска со инцидентите, овој дел е особено корисен за да се разбере зошто еден непотврден инцидент е вклучен во извештајот.

Во април 2016 година, МХК го испрати својот Годишен извештај за злосторствата од омраза за 2015 година на ОДИХР. Во ноември 2016, ОДИХР објави резиме на 34 пријавени инциденти, и го стави на веб-страницата за Пријавување злосторства од омраза.[7] МХК останува единствената организација што ја информира ОДИХР за состојбата со злосторства од омраза во земјава.

## 4.4 Одржување на интерактивна веб-страница за пријавување на злосторства од омраза

Веб-страницата www.zlostorstvaodomraza.com (а од 2014 година, пристапна и од www.zlostorstvaodomraza.mk) е интерактивна алатка која им овозможува на граѓаните да добијат информации и да пријават злосторства од омраза. Страницата содржи интерактивна мапа на која се прикажани точните или приближните локации на инцидентите. На главната страница има список на категории на злосторства од омраза и пристрасни мотивации, таа обезбедува информации во врска со начинот на кој граѓаните можат да пријават (е-апликации, твитер, електронска пошта и електронски формулар) и на неа се прикажани статистички графикони. Исто така има и ЧПП, материјали и речник каде може да се најдат информации во врска со проектот, значењето и опсегот на злосторствата од омраза, како и публикации за злосторства од омраза. Периодично беа ажурирани и профилите на фејсбук и твитер.

Во текот на периодот на известување на веб-страницата беа прикачени 70 инциденти, 24 слики и 2 видеа. Годишниот Извештај за злосторствата од омраза за 2015 година беше прикачен на порталот на македонски, албански и англиски во категоријата „Ресурси“. Сите инциденти што беа регистрирани во 2015 година беа преведени на албански и англиски и сега се достапни на порталот и на овие јазици.

## 4.5 Придонес во 8 работилници за обучување на полицијата

Сите работилници се одржаа во 8те географски региони на земјата во текот на периодот на известување за проектот. Членовите на проектниот тим Воислав Стојановски и Павле Богоевски дадоа придонес со тоа што имаа излагање за главните наоди од проектот од 2013 до 2016 година и разговараа за инцидентите на злосторство од омраза со високо-рангирани полициски службеници.

7) http://hatecrime.osce.org/former-yugoslav-republic-macedonia

## 4.6 Одбележување на 22 јули – Европскиот ден на жртвите на злосторства од омраза

МХК го одбележа 22 Јули – Европскиот ден на жртвите на злосторства од омраза, организирајќи два одделни настани. Првиот настан се состоеше од прес-конференција за медиумите, додека вториот настан се одржа во Градскиот парк во Скопје. Овој настан се организира по третпат, по првиот во 2014 година и беше насловен „Турлитава 3 – Заедно е послатко". Настанот вклучуваше говори, музика и дружење помеѓу учесници од различни етнички потекла за време на дегустација на традиционална македонска, албанска, турска, ромска, српска, босанска и влашка храна (каква што е и турлитавата – традиционална балканска закуска). Претставници на повеќето медиуми присуствуваа и на прес-конференцијата и на културниот настан и известија за пораката за толеранција што ја испратија учесниците..

# 5. ЗАКЛУЧОЦИ

- Постои зголемување од 60% во бројот на инциденти во 2016 година, во споредба со 2015.
- Државата ги направи првите чекори во собирањето податоци за делата од омраза, иако собраните податоци не се достапни на јавноста и не е јасно дали властите ја разбираат разликата помеѓу говор на омраза и злосторство од омраза.
- Бегалците и мигрантите што транзитираат преку територијата на земјата се изложени на голем ризик да станат жртви на злосторства од омраза.
- По намалувањето на бројот на инциденти помеѓу членови на македонската и албанската етничка заедница во 2015 година, бројот на ваквите инциденти во 2016 година е повторно во пораст.
- Некои злосторства од омраза се извршени како одмазда или казна за претходни инциденти и од страна на македонските и од страна на албанските младинци.
- Најмногу од инцидентите се случиле во Градот Скопје, но исто така и вдолж паневропскиот коридор X, во близина на автопатот по кој бегалците и мигрантите се движат на својот пат до Европската Унија.
- Политичките партии често користат говор на омраза за време на јавни дебати и во текот на предизборните кампањи што доведува до извршување на злосторства од омраза од страна на нивните поддржувачи.
- Злосторствата мотивирани од пристрасност се' уште соодветно не се пријавуваат и истражуваат од полицијата.
- Се вложуваат многу малку напори во превентивни мерки, вклучувајќи едукација за човековите права и подигнување на јавната свест.

- Со тоа што феноменот на злосторства од омраза не се третира како засебен проблем, државата не нуди посебна заштита и поддршка за жртвите.
- Жртвите не сакаат да се споменува нивното име, не сакаат публицитет, ниту пак да се обратат во државните институции, плашејќи се од реперкусии, што води до намалено пријавување и недостаток на јавна доверба во системот.
- Најзасегнатите жртви беа малолетници од земјава, како и бегалци кои транзитираат низ земјата на нивниот пат кон Европската Унија

## 6. ПРЕПОРАКИ

За време на состанокот на Советот на ЕУ за правда и внатрешни работи, одржан во Брисел на 5 и 6 декември, 2013 година, Советот ги објави заклучоците за борба против злосторствата од омраза во ЕУ.[8] Како земја-кандидат за членство во ЕУ, државата треба да ги следи препораките содржани во заклучоците кои генерално се во согласност со препораките содржани во Одлуката на Министерскиот совет на ОБСЕ бр. 9/09: Борба против злосторства од омраза и поглед на МХК:

1. Да се земе предвид искуството на земјите-членки на ЕУ за проширување во рамките на нивното кривично законодавство, опсегот на казниви дела за злосторства од омраза и вклучување други мотиви за пристрасност за овие дела;

2. Да се обезбеди навремена и ефикасна истрага и гонење на злосторствата од омраза, земајќи ги предвид мотивите за пристрасност во текот на целата кривична постапка;

3. Да се преземат соодветни мерки за да се олесни пријавувањето злосторства од омраза од страна на жртвите и, исто така, колку што е можно повеќе да се зајакнат здруженијата за нивна поддршка, вклучувајќи и мерки за градење доверба кај полицијата и другите државни институции;

4. Да се собираат и објавуваат сеопфатни и споредливи податоци за злосторства од омраза, колку што е можно повеќе, вклучувајќи го бројот на таквите инциденти пријавени од страна на полицијата и регистрирани од страна на органите на прогонот, бројот на пресуди, мотивите за пристрасност при овие злосторства и казните изречени на престапниците;

5. Да се осигура дека на жртвите на злосторства од омраза им е пружена помош, поддршка и заштита;

6. Да се промовираат обуки за релевантни практичари кои стапуваат во контакт со жртвите на злосторства од омраза, така што ќе им се овозможи ефикасно да им помагаат на жртвите; и

7. Да се подобрат превентивните мерки, меѓу другото размислувајќи за сеќавањата во текот на едукацијата на човековите права, наставните програми по историја и соодветните обуки, преземајќи чекори за едукација на јавноста за вредностите на културната разликост и инклузијата и целејќи сите делови на општеството да имаат улога во борбата против таквата нетрпеливост;

8) Достапно на: http://www.consilium.europa.eu/uedocs/cms_data/docs/pressdata/en/jha/139949.pdf

# АНЕКС

## ИНЦИДЕНТИ ОД ОМРАЗА ВО 2016 ГОДИНА

### 1. Мароканци ограбени кај Демир Капија (потврдено)

**Што се случило:** Двајца мигранти од Мароко биле ограбени во близина на Демир Капија од страна на три непознати лица кои ги пресретнале заканувајќи им се дека ќе ги убијат, по што им одзеле 1.750 евра и мобилен телефон.
**Датум, време и место на инцидентот:** 6 јануари, околу 13.30 часот, во близина на Демир Капија.
**Извор на информации:** Дневен весник Утрински Весник.
**Инволвирани жртви:** Двајца Мароканци.
**Вид на злосторства:** Разбојништво (Член 237, КЗ)
**Сторители:** 3 непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Разлика во етничкото потекло* – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (марокански мигранти) која е убедливо помалубројна од групата на граѓани во областа каде се случил инцидентот;
*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
**Статус на случајот:** Не е регистриран.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека такво кривично дело не е регистрирано на подрачјето на СВР Велес.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигранти кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

### 2. Нападната група мигранти од Мароко (потврдено)

**Што се случило:** Тројца државјани на Мароко биле ограбени во близина на Демир Капија од страна на три непознати лица, кои заканувајќи им се со пиштол им одзеле 900 евра.
**Датум, време и место на инцидентот:** 6 јануари, околу 20 часот, во близина на Демир Капија.
**Извор на информации:** Електронски медиум МКД.мк.
**Инволвирани жртви:** Тројца Мароканци.
**Вид на злосторства:** Разбојништво (Член 237, КЗ), Тешка кражба (Член 236, КЗ)
**Сторители:** 3 непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Разлика во етничкото потекло* – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (марокански мигранти) која е убедливо помалубројна од групата на граѓани во областа каде се случил инцидентот;

*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
**Статус на случајот:** Не е регистриран.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека такво кривично дело не е регистрирано на подрачјето на СВР Велес.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигранти кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

### 3. Мароканци мачени со безбол палка и електро шокови (потврдено)

**Што се случило:** Во близина на Скопје, на железничка станица надвор од градот, двајца мигранти државјани на Мароко биле измачувани од страна на три непознати лица со безбол палка и електро шокови, по што им одзеле 300 евра, патни исправи и мобилен телефон „Сони".
**Датум, време и место на инцидентот:** 7 јануари, 13:15 часот, на железничка станица во близина на Скопје.
**Извор на информации:** Електронски медиум МКД.
**Инволвирани жртви:** Двајца Мароканци.
**Вид на злосторства:** Разбојништво (Член 237, КЗ), Насилство (Член 386, КЗ), Тешка кражба (Член 236, КЗ)
**Сторители:** 3 непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Разлика во етничкото потекло* – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (марокански мигранти) која е убедливо помалубројна од групата на граѓани во областа каде се случил инцидентот;
*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека по пријавувањето, за настанот бил запознаен Јавен обвинител од ОЈО Куманово и бил изготвен записник за примање на пријава кој по службена пошта бил проследен до СВР Скопје за постапување.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигранти кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

### 4. Мароканци нападнати кај Куманово (потврдено)

**Што се случило:** Двајца мигранти, марокански државјани кои претходниот ден биле нападнати во близина на Скопје, во близина на Куманово биле повторно физички нападнати и тоа од страна на две лица кои ги превезувале со ПМВ, по што едниот од нив успеал да избега и се сокрил, а на другиот со употреба на тупаници му биле нанесени видливи телесни повреди.
**Датум, време и место на инцидентот:** 8 јануари, 23:50 часот, во близина на Куманово.
**Извор на информации:** Електронски медиум Кумановски муабети.
**Инволвирани жртви:** Двајца Мароканци.
**Вид на злосторства:** Телесна повреда (Член 130, КЗ)
**Сторители:** 2 непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Разлика во етничкото потекло* – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (марокански мигранти) која е убедливо помалубројна од припадници од групата на граѓани во областа каде се случил инцидентот;
*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека по пријавувањето, за настанот бил запознаен Јавен обвинител од ОЈО Куманово и бил изготвен записник за примање на пријава кој по службена пошта бил проследен до СВР Куманово за постапување.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигранти кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

### 5. Обид да се запали црква во Сарај (потврдено)

**Што се случило:** Непознато лице со употреба на запалива течност предизвикало пожар во црквата „Св.Злата Мегленска“ во скопско Сарај, со што ја опожарило и уништило влезната врата од црквата.
**Датум, време и место на инцидентот:** 14 јануари, околу 2 часот по полноќ, во скопско Сарај.
**Извор на информации:** Дневен весник Дневник.
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост (Член 319, КЗ).
**Сторители:** Непознат сторител.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е верска припадност или убедување, а пристрасните индикатори се:
*1. Местоположбата на инцидентот* – православна христијанска црква во доминантна албанска средина.
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Скопје бил доставен записник за извршен увид до Основното Јавно обвинителство Скопје.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на различни верски заедници во земјата.

### 6. Мигранти од Мароко нападнати и ограбени кај с. Речица, Куманово (потврдено)

**Што се случило:** 8 економски мигранти од Мароко биле нападнати од страна на вооружена група од три лица кои излегле од автомобил БМВ Х5 со сребрена боја, по што физички ги нападнале бегалците и им одзеле лични предмети. Едниот припадник на групата напаѓачи поседувал пиштол, а останатите ножеви.
**Датум, време и место на инцидентот:** 15 јануари, околу 00:15 часот, во близина на бензинска пумпа „Детоил“ крај автопатот во близина на с. Речица, Куманово
**Извор на информации:** Набљудувач на Хелсиншкиот комитет.
**Инволвирани жртви:** 8 Мароканци.

**Вид на злосторства:** Разбојништво (Член 237, КЗ), Телесна повреда (Член 130, КЗ), Тешка кражба (Член 236, КЗ)
**Сторители:** 3 непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Разлика во етничкото потекло* – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (марокански мигранти) која е убедливо помалубројна од припадници од групата на граѓани во областа каде се случил инцидентот;
*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
**Статус на случајот:** Не е регистриран.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека во СВР Куманово не била примена пријава за ваков настан.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на лица кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

## 7. Со нож уништени фреските и иконите во црквата во Арачиново (потврдено)

**Што се случило:** Непознатите сторители со цртежи на полови органи и со нож ги оштетиле фреските и иконите во единствената православна црква Свети Талалеј во скопското село Арачиново, по што ја демолирале и внатрешноста на црквата.
**Датум, време и место на инцидентот:** 27 јануари, време непознато, во скопско Арачиново.
**Извор на информации:** Електронски медиум МКД.мк.
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост (Член 319, КЗ).
**Сторители:** Група непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е верска припадност или убедување, а пристрасните индикатори се:
*1. Местоположбата на инцидентот* – единствената православна христијанска црква во доминантна албанска средина.
*2. Модел на претходни инциденти* – по конфликтот во 2001 година црквата е редовна цел на непознати сторители кои ја имаат демолирано црковната трпезарија и кујна, како и надгробните плочи на погребани жители од македонската заедница.
**Статус на случајот:** Не е регистриран.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека во СВР Скопје не бил пријавен таков настан.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на различни верски заедници во земјата.

## 8. Разбојништво над мигрант од Ирак (потврдено)

**Што се случило:** Во близина на железничката станица во Демир Капија, група од неколку непознати сторители извршила разбојништво над бегалец од Ирак. Откако виделе дека бегалецот спие, почнале да го удираат со тупаници и клоци по телото и главата, по што му одземале мобилен телефон и 50 евра.

**Датум, време и место на инцидентот:** 29 јануари, околу 23 часот, во близина на железничката станица во Демир Капија.
**Извор на информации:** Електронски медиум Плусинфо.
**Инволвирани жртви:** Еден Ирачанец.
**Вид на злосторства:** Разбојништво (Член 237, КЗ), Телесна повреда (Член 130, КЗ)
**Сторители:** Група од неколку непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Разлика во етничкото потекло* – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвата е припадник на група (ирачки мигрант) која е убедливо помалубројна од припадници од групата на граѓани во областа каде се случил инцидентот;
*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
**Статус на случајот:** Поднесена кривична пријава против шест лица за кривично дело „Разбојништво“.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Велес биле преземени мерки и активности и по целосното документирање на настанот, до Основното Јавно Обвинителство Велес била поднесена кривична пријава против шест лица поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело „Разбојништво“ по член 237 ст.1 од КЗ.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигранти кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

## 9. Деветнаесетгодишно момче прободено во градниот кош (непотврдено)

**Што се случило:** Деветнаесетгодишно момче било прободено со остар предмет во градниот кош и слабината, слегувајќи од автобус бр.19 на автобуската постојка кај комплекс Треска во Скопје. Момчето заедно со уште двајца другари слегло од автобусот, по што од истиот автобус излегле уште четири непознати лица и без повод и причина го избоделе момчето во градниот кош и слабината. Во Ургентниот центар на момчето му биле констатирани тешки телесни повреди (пробиена белодробна марамица).
**Датум, време и место на инцидентот:** 1 февруари, околу 21 часот, автобуска постојка кај комплекс Треска во Скопје.
**Извор на информации:** Електронски медиум Макфакс
**Инволвирани жртви:** Едно деветнаесетгодишно лице.
**Вид на злосторства:** Тешка телесна повреда (Член 131, КЗ), Насилство (Член 386, КЗ), Учество во тепачка (Член 132, КЗ)
**Сторители:** Група од 4 непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – непосредно пред инцидентот, сторителите и жртвата се возеле во автобус бр.19 кој транзитира во област населена од луѓе со мешан етнички состав;
*2. Природа на насилство* – инцидентот се случил во јавност;
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Скопје

е доставено писмено известување од 04.02.2016 година до Основното Јавно Обвинителство Скопје.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 10. Групна тепачка во средното училиште Зеф Љуш Марку (непотврдено)

**Што се случило:** Две групи на ученици учествувале во тепачка во училишниот двор на СУГС „Зеф Љуш Марку". Во едната група биле три малолетници од Скопје и еден малолетник од Гостивар, додека во другата група биле четири малолетни лица од скопското село Батинци. Лицата си размениле по неколку удари со тупаници и клоци, а во еден момент лице од втората група извадило нож и четири пати во пределот на главата со сечивото удрил ученик од првата група при што му нанел видлива телесна повреда.
**Датум, време и место на инцидентот:** 9 февруари, 09:45 часот, училишниот двор на СУГС „Зефљуш Марку" во Скопје.
**Извор на информации:** Електронски медиум Република.
**Инволвирани жртви:** Едно лице.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Телесна повреда (Член 130, КЗ), Учество во тепачка (Член 132, КЗ).
**Сторители:** Група ученици од СУГС „Зефљуш Марку".
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – поради мешаниот етнички состав на учениците кои учат во наведеното училиште, можно е припадниците на двете групи да имаат различно етничко потекло;
*2. Природа на насилството* – инцидентот се случил во јавност.
**Статус на случајот:** Поднесено барање за поведување на прекршочна постапка.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Скопје било доставено барање за поведување на прекршочна постапка од 19.04.2016 година до Основен Суд Скопје 1 Скопје, Оддел за прекршоци.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 11. 10-члена група ограбила тројца мигранти (потврдено)

**Што се случило**: Група на непознати сторители извршиле разбојништво врз тројца државјани на Шри Ланка во село Визбегово во близина на Центарот за баратели на азил. Додека трите лица се движеле по улицата биле пресретнати од 10 непознати машки лица облечени во темна облека и маски на главата кои ги заобиколиле и со закана и употреба на физичка сила им одзеле два мобилни телефони, 120 евра и идентификациска карта за азил, по што се оддалечиле од местото на настанот. Со тоа сторителите се стекнале со противправна имотна корист од околу 51.000 денари.
**Датум, време и место на инцидентот:** 11 февруари, 12:45 часот, во близина на Центарот за баратели на азил во с.Визбегово.
**Извор на информации:** Електронски медиум МКД.
**Инволвирани жртви:** Тројца мигранти од Шри Ланка.

**Вид на злосторства:** Разбојништво (Член 237, КЗ), Тешка кражба (Член 236 КЗ)
**Сторители:** Група од 10 непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Разлика во етничкото потекло* – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (мигранти од Шри Ланка) која е убедливо помалубројна од припадници од групата на граѓани во областа каде се случил инцидентот;
*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Скопје било доставено Известување од 17.02.2016 до Основно Јавно Обвинителство - Скопје.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигранти кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

## 12. Нападнати малолетници во автобус (непотврдено)

**Што се случило:** 17 годишен малолетник и неговите двајца другари на возраст од 16 и 17 години биле физички нападнати од страна на повеќе лица во автобус на ЈСП бр.65.
**Датум, време и место на инцидентот:** 12 февруари, околу 12:20 часот, во автобус на ЈСП бр.65, на ул.„Антон Попов" во Скопје.
**Извор на информации:** Електронски медиум Репортер.
**Инволвирани жртви:** Три малолетни лица.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Учество во тепачка (Член 132, КЗ).
**Сторители:** Група од повеќе непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – сторителите и жртвата се возеле во автобус бр. 65 кој транзитира во област населена од луѓе со мешан етнички состав;
*2. Природа на насилство* – инцидентот се случил во јавност;
**Статус на случајот:** Поднесено барање за поведување на прекршочна постапка.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Скопје било доставено барање за поведување на прекршочна постапка од 17.03.2016 година до Основен Суд Скопје 1 Скопје, Оддел за прекршоци.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 13. Малолетници нападнале момче во Тетово (непотврдено)

**Што се случило:** Четири малолетни лица, облечени со црни дуксери со качулки, пред зграда на улицата "Благоја Тоска" во Тетово нападнале едно 16-годишно момче, на кое со боксови му го скршиле носот.
**Датум, време и место на инцидентот:** 12 февруари, околу 13 часот, пред зграда на улица "Благоја Тоска" во Тетово.
**Извор на информации:** Дневен весник Вест.
**Инволвирани жртви:** Едно малолетно лице.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Учество во тепачка (Член 132, КЗ), Телесна повреда (Член 130, КЗ).
**Сторители:** Група од 4 непознати малолетни лица.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – инцидентот се случил во град со мешан етнички состав на населението;
*2. Природа на насилството* – инцидентот се случил во јавност;
**Статус на случајот:** Поднесена кривична пријава против непознати сторители до Основното Јавно Обвинителство - Тетово за кривично дело „Тешка телесна повреда".
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Тетово е поднесена кривична пријава против непознати сторители до Основното Јавно Обвинителство - Тетово за кривично дело „Тешка телесна повреда".
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 14. Четири момчиња нападнале соученик пред СУ „Лазар Танев" (непотврдено)

**Што се случило:** Ученик од трета година во скопското средно училиште „Лазар Танев" бил физички нападнат од негови соученици пред влезот на гимназијата. Момчето, по инцидентот, со возило на итната медицинска помош било пренесено во Клиничкиот центар, каде му била укажана лекарска помош.
**Датум, време и место на инцидентот:** 17 февруари, околу 13:40 часот, во средното училиште „Лазар Танев" во Скопје.
**Извор на информации:** Електронски медиум Репортер.
**Инволвирани жртви:** Едно малолетно лице.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Учество во тепачка (Член 132, КЗ), Телесна повреда (Член 130, КЗ).
**Сторители:** Група од 4 лица, од кои три малолетни и едно полнолетно лице.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – поради мешаниот етнички состав на учениците кои учат во наведеното училиште, можно е етничкото потекло на сторителите да се разликува од она на жртвата;
*2. Природа на насилството* – инцидентот се случил во јавност.
**Статус на случајот:** Поднесено барање за поведување на прекршочна постапка.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Скопје било доставено барање за поведување на прекршочна постапка од 01.03.2016 година до Основен Суд Скопје 1 Скопје, Оддел за прекршоци.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 15. Нападнати ученици од СУГС „Димитар Влахов" во Скопје (непотврдено)

**Што се случило:** Малолетни лица - ученици во СУГС „Димитар Влахов", во неколку наврати од неколку лица биле физички нападнати кај Транспортниот центар во Скопје, на паркингот под надвозникот до депото на Пајак службата.

**Датум, време и место на инцидентот:** 20 февруари, околу 13:30 часот, на паркинг под надвозник до депото на Пајак службата кај Транспортниот центар во Скопје.
**Извор на информации:** Електронски медиум Репортер.
**Инволвирани жртви:** Неколку малолетни лица.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ)
**Сторители:** Група од неколку непознати лица
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – поради мешаниот етнички состав на учениците кои учат во наведеното училиште, можно е етничкото потекло на сторителите да се разликува од она на жртвата;
*2. Природа на насилството* – инцидентот се случил во јавност
**Статус на случајот:** Поднесено барање за поведување на прекршочна постапка.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Скопје било доставено барање за поведување на прекршочна постапка до Основен Суд Скопје 1 Скопје, Оддел за прекршоци.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

### 16. Нападнати неколку малолетници на кеј (непотврдено)

**Што се случило:** Група од неколку малолетни лица биле физички нападнати од група од пет-шест други лица на возраст од околу 20 години.
**Датум, време и место на инцидентот:** 20 февруари, околу 22:00 часот, на ул.„Кеј 13 Ноември"
**Извор на информации:** Електронски медиум Република.
**Инволвирани жртви:** Група од неколку малолетни лица.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ)
**Сторители:** Група од неколку непознати лица на возраст од дваесеттина години.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – во текот на изминатите години, во близината на кејот и градскиот парк во повеќе наврати се случувале етнички мотивирани инциденти.
*2. Природа на насилството* – инцидентот се случил во јавност;
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Скопје бил земен записник за примање на пријава и се преземаат мерки за расчистување на прекршокот.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

### 17. 13 повредени во тепачка помеѓу навивачките групи „Варвари" и „Балисти " (потврдено)

**Што се случило:** 13 лица, од кои 11 црногорски државјани и двајца припадници на македонската заедница, биле повредени при масовната тепачка на навивачите на ФК Будуќност од Подгорица и ФК Шкендија од Тетово, која се случила кај местото викано „Сретковски мост" пред превојот Стража. Според информациите од полицијата, до инцидентот дошло откако еден од десетте

автобуси во кои се превезувале навивачите на Шкендија кои оделе на натпреварот во Кичево застанал на патот, а од спротивната страна наишле два автобуси кои превезувале навивачи на ФК Будуќност за натпреварот со Вардар во Скопје. Навивачите на ФК Шкендија почнале да фрлаат камења по автобусите кои застанале и од нив излегле црногорските навивачи по што настанала масовна тепачка во која биле користени камења и други предмети. Двајца црногорски навивачи, поради сериозноста на инцидентот, по добиената лекарска помош биле испратени во Ургентниот центар во Скопје, додека останатите девет полесно повредени црногорски навивачи лекарска помош добиле во гостиварската болница.

**Датум, време и место на инцидентот:** 21 февруари, 12:30 часот, пред превојот Стража.

**Извор на информации:** Електронски медиуми СпортКлуб и Макфакс.

**Инволвирани жртви:** 13 лица од кои двајца потешко повредени и деветмина полесно повредени навивачи на Будуќност и двајца полесно повредени навивачи на Шкендија.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Учество во тепачка (Член 132, КЗ), Тешка телесна повреда (Член 131, КЗ) Телесна повреда (Член 130, КЗ), Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ)

**Сторители:** Група од непознат број навивачи на ФК Шкендија.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент кој се случил за време на спортски настан, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:

*1. Разлика во етничкото потекло* - членовите на навивачките клубови (Варвари и Балисти) се со различно етничко потекло;

*2. Време* - инцидентот се случил по фудбалски натпревар помеѓу клубовите чии навивачи / поддржувачи имаат различно етничко потекло.

**Статус на случајот:** Поднесена кривична пријава против 14 лица за кривично дело Учество во тепачка.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека по целосното документирање и расчистување на кривично правниот настан од страна на Надворешната канцеларија за криминалистички работи во ПС Гостивар, била поднесена кривична пријава од 22.02.2016 до надлежното Основно Јавно Обвинителство Гостивар, против 14 лица од кои 11 државјани на Р. Црна Гора и 3 лица државјани поради постоење на основи на сомнение дека се сторители на кривично дело Учество во тепачка предвидено со чл.132 од КЗ.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и безбедноста на луѓето присутни на или во близина на спортски натпревари.

## 18. Тепачка меѓу навивачите на Вардар и Будуќност во ГТЦ (непотврдено)

**Што се случило:** Група навивачи на ФК Будуќност биле нападнати од група навивачи на ФК Вардар додека седеле во едно од кафулињата на кејот 13ти Ноември во Скопје. Масовната тепачка се одвивала во ГТЦ Скопје каде се искршени неколку излози во продавниците. Навивачите се удирале со стаклени шишиња, метални и други предмети, по што „Варварите" се упатиле кон хотелот „Холидеј ин". Во инцидентот е потешко повреден еден скопски навивач, а полесно повредени се двајца црногорски навивачи.

**Датум, време и место на инцидентот:** 21 февруари, 17:15 часот, ул.Кеј 13 Ноември и ГТЦ Скопје.

**Извор на информации:** Електронски медиум Спорт365 и дневен весник Дневник.

**Инволвирани жртви:** 3 лица од кои еден потешко повреден скопски навивач и двајца полесно повредени црногорски навивачи.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Учество во тепачка (Член 132, КЗ), Тешка телесна повреда (Член 131, КЗ) Телесна повреда (Член 130, КЗ)
**Сторители:** Непознат број навивачи на ФК Будуќност и на ФК Вардар.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент кој се случил за време на спортски настан, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Модел на претходни инциденти* – на овој инцидент му претходи инцидент од еден ден претходно, кога навивачите на ФК Будуќност учествуваа во тепачка со навивачите на ФК Шкендија.
*2. Природа на насилство* – инцидентот се случил во јавност;
**Статус на случајот:** Непознат. (Според информации пренесени од медиумите приведени се 23 навивачи на ФК „Будуќност и одредени им се парични казни.)
**Одговор на локалните власти:** До моментот на пишување на овој извештај, МВР не одговори на Барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати во врска со овој инцидент.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и безбедноста на луѓето присутни на или во близина на спортски натпревари.

### 19. Малолетник нападнал момче па бил фатен во автобус на ЈСП (непотврдено)

**Што се случило:** Шеснаесетгодишен малолетник од скопско, кој бил со уште неколку лица, без повод и причина физички го нападнал Д.М. (21) од Скопје, удирајќи го со удари во пределот на лицето. По нападот, малолетникот, заедно со другите лица, се качил во автобус на ЈСП со цел да побегне од местото на настанот, но бил фатен и приведен во ПС од страна на полициски службеници.
**Датум, време и место на инцидентот:** 22 февруари, околу 20 часот, на бул. „Крсте Петков Мисирков“ во Скопје.
**Извор на информации:** Електронски медиум Репортер.
**Инволвирани жртви:** Едно лице.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Телесна повреда (Член 130, КЗ)
**Сторители:** Едно малолетно лице.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – инцидентот се случил во област населена од луѓе со мешан етнички состав
*2. Природа на насилство* – инцидентот се случил во јавност;
**Статус на случајот:** Поднесено барање за поведување на прекршочна постапка.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Скопје било доставено барање за поведување на прекршочна постапка од 01.03.2016 година до Основен Суд Скопје 1 Скопје, Оддел за прекршоци.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

### 20. Физички нападнат Тодор Петров (потврдено)

**Што се случило:** Претседателот на *Светскиот македонски конгрес* (СМК) Тодор Петров, бил физички нападнат од страна на неколку непознати лица по осветувањето на камен-темелникот на крстот во скопската населба Бутел, каде присуствувал на поставувањето на темелите на

51-метарскиот крст чија изградба е иницијатива на СМК. Според информации пренесени од медиумите, на Петров му била укажана лекарска помош во Ургентниот центар во Скопје.
**Датум, време и место на инцидентот:** 27 февруари, 12:17 часот, угостителски објект „Казабланка" Бутел, Скопје.
**Извор на информации:** Електронски медиум Емагазин, дневен весник Дневник, електронски медиум Локално, национален телевизиски медиум Телма.
**Инволвирани жртви:** Едно лице.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Телесна повреда (Член 130, КЗ), Учество во тепачка (Член 132, КЗ)
**Сторители:** Група од неколку сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е религиозната припадности или верско убедување, а пристрасните индикатори се:
*1. Перцепција на жртвата* – според изјава дадена за медиумите, жртвата гледа на инцидентот како пристрасно мотивиран;
*2. Време* – инцидентот се случил непосредно по осветувањето на камен темелникот на крстот во општина Бутел;
*3. Местоположба* – Инцидентот се случил во област населена со население со мешани етнички состав и религиозна припадност;
*4. Природа на насилството* – инцидентот се случил во јавност;
*5. Недостаток на други мотиви.*
**Статус на случајот:** Поднесена кривична пријава против три лица осомничени за нападот.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Скопје била доставена кривична пријава до Основно Јавно Обвинителство Скопје.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на различни верски заедници во земјата.

## 21. Крвав инцидент во Тетово (непотврдено)

**Што се случило:** Во дворот на тетовската гимназија „7-ми Март" се случила тепачка во која две 19 годишни лица од Тетово се здобиле со повреди. Според податоците од полицијата во тепачката учествувале седум лица, од кои двајца 19 годишници и петмина 18 годишници, сите од Тетово. Најпрвин меѓу двете групи започнала вербална расправија која брзо преминала во меѓусебна тепачка при што едно 19 годишно лице се здобило се две убодни рани во пределот на грбот, најверојатно од нож, а неговиот врсник со сериозна повреда на раката од удар. На двајцата им била пружена лекарска помош во тетовската клиничка болница при што повредениот со убоди во грбот бил задржан за понатамошно лекување.
**Датум, време и место на инцидентот:** 4 март, 16:00 часот, училишниот двор на гимназијата 7ми Март во Тетово.
**Извор на информации:** Телевизија 24 Вести.
**Инволвирани жртви:** Две лица.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Телесна повреда (Член 130, КЗ), Учество во тепачка (Член 132, КЗ).
**Сторители:** Група ученици од гимназијата „7ми Март ".
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – поради мешаниот етнички состав на учениците

кои учат во наведеното училиште, можно е припадниците на двете групи да имаат различно етничко потекло;
*2. Природа на насилството* – инцидентот се случил во јавност.
**Статус на случајот:** Поднесена кривична пријава.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Тетово е поднесена кривична пријава за кривично дело „Насилство" до Основното Јавно Обвинителство - Тетово.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 22. Нападнат малолетник во Ѓорче Петров (непотврдено)

**Што се случило:** Во близина на ОУ „Ѓорче Петров" 15 годишен малолетник кој прославувал роденден со своите другари, бил пресретнат од три лица, од кои едното имало бејзбол палка. Трите лица тргнале кон малолетникот и неговите другари и физички го нападнале на тој начин што едниот од тројцата го фатил за врат и го турнал во грмушки, по што се обидел да го удри со тупаница, но оштетениот избегал и телефонски го пријавил настанот. Кога тргнал кон ПС-ОН „Ѓорче Петров", еден од напаѓачите ја земал палката и се обидел да го удри оштетениот во пределот на главата, но не успеал во намерата.
**Датум, време и место на инцидентот:** 5 март, околу 21 часот, во близина на ОУ „Ѓорче Петров" Скопје.
**Извор на информации:** Телевизија Сител.
**Инволвирани жртви:** Едно малолетно лице.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница (Член 133 КЗ)
**Сторители:** Група од тројца непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – инцидентот се случил во област населена од луѓе со мешан етнички состав;
*2. Природа на насилство* – инцидентот се случил во јавност;
**Статус на случајот:** Поднесена кривична пријава.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Скопје била доставена кривична пријава до Основното Јавно Обвинителство-Скопје.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 23. Малолетник повреден во Тетово (непотврдено)

**Што се случило:** 17-годишен малолетник од Тетово, бил физички нападнат од страна на три непознати лица. Лицето било префрлено во КЦ-Тетово за укажување на лекарска помош.
**Датум, време и место на инцидентот:** 5 март, околу 12часот, на ул.Фуштанска, Тетово.
**Извор на информации:** Електронски медиум Репортер.
**Инволвирани жртви:** Едно малолетно лице.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Телесна повреда (Член 130 , КЗ)
**Сторители:** Група од тројца непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – инцидентот се случил во град со мешан етнички состав на населението;
*2. Природа на насилството* – инцидентот се случил во јавност;
**Статус на случајот:** Не е регистриран.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека биле извршени проверки, по што било констатирано дека ваков настан не бил пријавен во ПС-Тетово.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 24. Нападнати момчиња во Ѓорче Петров (непотврдено)

**Што се случило:** Две лица на возраст од 18 и 19 години, без повод и причина и биле физички нападнати со тупаници во пределот на лицето и телото од страна на неколку непознати лица.
**Датум, време и место на инцидентот:** 9 март, околу 21 часот, ул. „Ѓорче Петров" во Скопје
**Извор на информации:** Телевизија Сител.
**Инволвирани жртви:** Две лица.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ)
**Сторители:** Група од неколку непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – инцидентот се случил во област населена од луѓе со мешан етнички состав;
*2. Природа на насилство* – инцидентот се случил во јавност;
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Скопје бил сочинет записник за примање на пријава и се преземаат мерки за расчистување на прекршокот.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 25. Малолетник изводе малолетник на автобуска постојка (непотврдено)

**Што се случило:** 17 годишен малолетник со нож му нанел убодна рана во градниот кош на друг 16 годишен малолетник. На истиот му е укажана лекарска помош во ГОБ „8-ми Септември", каде му биле констатирана телесна повреда.
**Датум, време и место на инцидентот:** 12 март, околу 22 часот, на автобуска постојка на бул. „Партизански Одреди" во Скопје.
**Извор на информации:** Електронски медиум Локално.
**Инволвирани жртви:** Едно малолетно лице.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Тешка телесна повреда (Член 131 , КЗ), Учество во тепачка (Член 132, КЗ)
**Сторители:** Едно малолетно лице.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:

*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – поради местоположбата на инцидентот кој се случил на автобуска постојка, каде застануваат автобуси  кои транзитираат во области со мешан етнички состав, можно е етничката припадност на сторителот да е различна од онаа на жртвата
*2. Природа на насилството* – инцидентот се случил во јавност;
**Статус на случајот:** Поднесено барање за поведување на прекршочна постапка.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент  е наведено дека од страна на СВР Скопје било доставено барање за поведување на прекршочна постапка од 24.03.2016 година до Основен Суд Скопје 1 Скопје, Оддел за прекршоци.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 26. Оштетен автобусот на navivачите на ФК Шкендија (непотврдено)

**Што се случило:** Непознат сторител со тврд предмет оштетил едно странично стакло на автобус со тетовски регистарски ознаки. Во автобусот се превезувале навивачи на ФК „Шкендија“ од Тетово. Во инцидентот нема повредени лица. Според порталот „Iliria News“, напаѓачите биле припадници на македонската заедница.
**Датум, време и место на инцидентот:** 13 март, околу 13:40 часот на ул. „Методија Андонов - Ченто”, Скопје.
**Извор на информации:** Електронски медиум МКД, електронски медиум Iliria News.
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ).
**Сторители:** Непознати.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – можно е инцидентот да е предизвикан од навивачи со различно етничко потекло од она на навивачите кои се превезувале со автобусот.
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Тетово бил сочинет записник за примање на кривична пријава за кривично дело „Оштетување на туѓи предмети“ кое дело се гони по приватна тужба и истиот бил доставен до СВР Скопје, каде се преземаат мерки за откривање на сторителите на кривичното дело.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата и безбедноста на луѓето присутни на или во близина на спортски натпревари.

## 27. Малолетници повредени во тепачка кај „Чаирчанка“ (непотврдено)

**Што се случило:** Две седумнаесетгодишни момчиња, по претходна расправија, биле физички нападнати од друга група на малолетници, при што им биле нанесени телесни повреди од непознат тврд предмет. Истите биле пренесени во ГОБ „Св.Наум Охридски“ каде им била укажана лекарска помош.
**Датум, време и место на инцидентот:** 14 март, околу 13:30 часот, во близина на ТЦ Чаирчанка, Скопје
**Извор на информации:** Електронски медиум Курир.

**Инволвирани жртви:** Две малолетни лица.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Телесна повреда (Член 130, КЗ)
**Сторители:** Група од неколку малолетни лица.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – инцидентот се случил во објект кој се наоѓа во област населена од луѓе со мешан етнички состав;
*2. Природа на насилство* – инцидентот се случил во јавност;
**Статус на случајот:** Поднесена кривична пријава.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Скопје била доставена кривична пријава до Основно Јавно Обвинителство Скопје.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 28. Претепан ученик во Куманово (потврдено)

**Што се случило:** 13 годишен малолетник, припадник на македонската заедница, бил претепан од страна на 7 ученици припадници на албанската заедница од друго училиште, додека на автобуска постојка чекал автобус за да замине дома од училиште. Малолетникот бил претепан и удиран и откако ја изгубил свеста, по што се здобил со телесни повреди. Малолетникот и претходниот ден бил вознемируван од страна на еден од напаѓачите.
**Датум, време и место на инцидентот:** 22 март, околу 10 часот, автобуска постојка во близина на училиштето "Толи Зордумис", Куманово.
**Извор на информации:** Телевизија Телма.
**Инволвирани жртви:** Едно малолетно лице.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Телесна повреда (Член 130, КЗ)
**Сторители:** Група од 7 малолетни Албанци.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Разлика во етничкото потекло* – мешан етнички состав на учениците кои учат во наведеното училиште
*2. Природа на насилството* – инцидентот се случил во јавност.
**Статус на случајот:** Поднесено барање за поведување на прекршочна постапка.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Куманово до Основен Суд Куманово, Судија за малолетници, било поднесено Барање за поведување на прекршочна постапка.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 29. Оштетени партиските простории на ДПСМ во Куманово (потврдено)

**Што се случило:** Непознати сторители го демолирале партискиот штаб на *Демократската партија на Србите во Македонија* (ДПСМ). Штабот според првичниот увид не е ограбен, со оглед на тоа дека целосната компјутерска опрема, печатари и проектори се во штабот, но целосната документација е расфрлана наоколу.

**Датум, време и место на инцидентот:** 29 март, околу 23:30 часот, штаб на ДПСМ, Куманово.
**Извор на информации:** Електронски медиум Кумановски муабети.
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ)
**Сторители:** Непознати.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
*1. Целна локација* – целна локација е штабот на политичка партија;
**Статус на случајот:** Поднесена кривична пријава против едно лице.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека била поднесена кривична пријава против едно лице поради постоење на основ на сомнение дека сторило кривично дело „Тешка кражба". Дополнително, во одговорот е наведено и дека мотивите за горенаведените настани ќе бидат утврдени во текот на натамошната постапка.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

## 30. 18-годишно момче нападнато на улица (непотврдено)

**Што се случило:** 18годишно лице без никаков повод или причина било физички нападнато од страна на двајца непознати напаѓачи со удари со гумен предмет во пределот на главата.
**Датум, време и место на инцидентот:** 30 март, околу 21:20 часот, ул. „Босна и Херцеговина" Скопје.
**Извор на информации:** Електронски медиум МКД.
**Инволвирани жртви:** Едно лице.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Телесна повреда (Член 130, КЗ).
**Сторители:** Двајца непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* **–** инцидентот се случил во област населена од луѓе со мешан етнички состав;
*2. Природа на насилство* – инцидентот се случил во јавност;
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Скопје бил земен записник за примање на пријава, а за настанот се преземаат мерки за расчистување на прекршокот.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 31. 17-годишно момче нападнато во автобус (непотврдено)

**Што се случило:** Седумнаесетгодишно момче било физички нападнато во автобус бр.9, кој сообраќал на релација од Топанско Поле до Бит Пазар, од страна на неколку непознати лица, при што се здобил со телесни повреди.
**Датум, време и место на инцидентот:** 3 Април, околу 13:45 часот, автобус бр.9
**Извор на информации:** Електронски медиум МКД.

**Инволвирани жртви:** Едно малолетно лице.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Телесна повреда (Член 130, КЗ)
**Сторители:** Непозната група млади луѓе.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – инцидентот се случил во автобус бр.9 кој транзитира во област населена од луѓе со мешан етнички состав;
*2. Природа на насилство* – инцидентот се случил во јавност;
**Статус на случајот:** Затворен.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од извршените проверки во евиденциите на СВР Скопје, било констатирано дека оштетеното лице се откажало од пријавата за извршен физички напад, за што била сочинета службена белешка од ПС ОН Бит Пазар за добиена информација преку непосреден разговор со граѓанин.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 32. Разбојништво врз бегалец во Ваксинце (потврдено)

**Што се случило:** Неколку непознати лица извршиле разбојништво врз Сириски државјанин. Лицето излегло од Прифатниот центар Табановце да оди во продавница во с.Ваксинце, но по пат бил пресретнат од сторителите кои, заканувајќи му се по неговиот живот, му побарале пари, по што откако им рекол дека нема, физички го нападнале и му одзеле 10 евра и 2.400 денари.
**Датум, време и место на инцидентот:** 26 април, околу 12:00 часот, с.Ваксинце, општина Липково.
**Извор на информации:** Дневен билтен на Министерство за внатрешни работи.
**Инволвирани жртви:** Еден Сириец.
**Вид на злосторства:** Разбојништво (Член 237, КЗ).
**Сторители:** Група од неколку непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Разлика во етничкото потекло* – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (сириски мигрант) која е убедливо помалубројна од припадници на групата на граѓани во областа каде се случил инцидентот;
*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на инспектор во СВР Куманово до ОЈО Куманово било поднесено Известување од 13.05.2016 година во врска со кривично дело „Разбојништво" по чл.237 ст.1 од КЗ.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигранти кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

## 33. Со куршум во ногата повреден член на ИО на СДСМ Битола (непотврдено)

**Што се случило:** Борче Петковски, член на Извршниот одбор на СДСМ во Битола и поранешен пратеник, бил повреден со куршум во ногата додека разговарал со неколкумина свои пријатели

стоејќи на тротоар. Истиот бил веднаш пренесен во битолската болница, а по извршена интервенција на левата натколеница куршумот бил изваден. Не се знае дали било пукано во него или инцидентот се случил поради заскитан куршум.
**Датум, време и место на инцидентот:** 27 април, околу 13 часот, населба Карпош, Битола.
**Извор на информации:** Електронски медиум Exclusive.mk
**Инволвирани жртви:** Едно лице.
**Вид на злосторства:** Телесна повреда (Член 130, КЗ)
**Сторители:** Непознати.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадности убедување, а пристрасните индикатори се:
*1. Политичка функција* – жртвата е висок функционер во најголемата опозициска партија;
*2. Природа на насилството* – инцидентот се случил во јавност;
**Статус на случајот:** Поднесена кривична пријава против непознат сторител.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека по пријавувањето на настанот во СВР Битола бил извршен комплетен увид и по целосното документирање била поднесена кривична пријава до Основното Јавно Обвинителство Битола против непознат сторител поради постоење на основи на сомнение за сторено кривично дело „Предизвикување општа опасност" казниво по чл.288 од КЗ.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој вид инциденти ја доведуваат во прашање општата политичка стабилност во земјата.

### 34. Оштетен штабот на ВМРО-ДПМНЕ на „Востаничка"(потврдено)

**Што се случило:** Во Скопје на ул. „Востаничка", Во објект во кој се наоѓа штабот на политичката партија „ВМРО ДПМНЕ" во Скопје, од страна на неколку непознати лица биле искршени стаклата од влезната врата и страничните стакла од двете страни на вратата.
**Датум, време и место на инцидентот:** 30 април, околу 01:30 часот, партиски штаб на ВМРО-ДПМНЕ на ул.Востаничка, Скопје.
**Извор на информации:** Електронски медиум Репортер.
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ)
**Сторители:** Непознати.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
*1. Целна локација* – целна локација е штабот на владејачката партија;
**Статус на случајот:** Непознат.
**Одговор на локалните власти:** До моментот на пишување на овој извештај, МВР не одговори на Барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати во врска со овој инцидент.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

### 35. Инцидент поради политичко уверување (непотврдено)

**Што се случило:** Веднаш по протестот на ГДОМ во Битола, поголема група битолчани се упатиле пред куќата на еден од водачите на „Битолското движење", граѓанскиот активист Илија Балтовски.

Според очевидци групата извикувала погрдни зборови и пцовки за Балтовски, викале „Уа!“ и свиреле. Во тоа време дома било неговото семејство кое се вознемирило, додека пак Балтовски не бил дома.
**Датум, време и место на инцидентот:** 10 мај, околу 23:45 часот, пред куќата на граѓанскиот активист Илија Балтовски, населба Недопирливи, Битола.
**Извор на информации:** Електронски медиум Сакам да кажам.
**Инволвирани жртви:** Во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Прекршок против јавниот ред и мир.
**Сторители:** Поголема група битолчани.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
*1. Целна локација* – целна локација е куќата на граѓански активист и водач на т.н. Битолско движење, познат во јавноста по учество во демонстрациите за оставка на градоначалникот на Битола и повлекување на аболицијата на претседателот, како и во групата која организира герила акции во Битола
*2. Перцепција на жртвата* - според изјава дадена за медиумите, жртвата гледа на инцидентот како пристрасно мотивиран;
*3. Време* – инцидентот се случил непосредно по протестот на ГДОМ во Битола;
**Статус на случајот:** Затворен; не се констатирани прекршоци или кривични дела.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека за време на протестот не се констатирани прекршоци или кривични дела за кои гонењето се презема по службена должност.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

### 36. Обиен штаб на СДСМ (непотврдено)

**Што се случило:** Непознати сторители го обиле партискиот штаб на СДСМ во Штип и направиле значајна материјална штета, по што ја претуриле и изнеле целата партиска документација.
**Датум, време и место на инцидентот:** 10 мај, околу 23:50 часот, партиски штаб на СДСМ во Штип.
**Извор на информации:** Електронски медиум Мета Новинска агенција.
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ)
**Сторители:** Непознати.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
*1. Целна локација* – целна локација е штабот на најголемата опозициска партија;
**Статус на случајот:** Поднесена кривична пријава.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека за настанот веднаш бил известен Јавен Обвинител и бил извршен комплетен увид на местото на настанот, по што од страна на СВР Штип била поднесена кривична пријава до Основното Јавно Обвинителство Штип за кривично дело „Тешка кражба“ казниво по чл.236, ст.1 од КЗ.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

## 37. Обиени партиските простории на СДСМ во Кисела Вода (потврдено)

**Што се случило:** Во просториите на општинската организација на СДСМ во Кисела Вода бил извршен упад од страна на непознати сторители, при што насилно биле обиени бравите на шест врати од просториите, украдени биле три лаптоп компјутери, два деск компјутера и еден прожектор, а дополнително биле оштетени уште два компјутера од коишто се извадени хард дискови и други делови.
**Датум, време и место на инцидентот:** 23 мај, околу 02:00 часот, општинска организација на СДСМ во Кисела Вода.
**Извор на информации:** Дневен весник Утрински Весник.
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Тешка кражба (Член 236 КЗ), Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ)
**Сторители:** Непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
*1. Целна локација* – целна локација е општинската организација на најголемата опозициска партија;
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Скопје бил доставен записник за извршен увид до Основно Јавно Обвинителство - Скопје.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

## 38. Нападнати мигранти кај с. Дуброво (непотврдено)

**Што се случило:** Петмина мигранти биле нападнати од страна на четири лица во с. Дуброво. Претходно, мигрантите биле пресретнати од лицата кои им предложиле да ги пренесат до границата со Р. Србија со ПМВ„ Ауди“, за која услуга побарале 1000 евра, но мигрантите платиле 400. Мигрантите влегле во возилото кое го управувало едно од лицата, упатувајќи се кон Неготино. Веднаш потоа, после с.Удово, останатите две лица облечени во полициски униформи го сопреле возилото во кое биле мигрантите по што ги извадиле од возилото, ги легнале на земја и почнале да ги претресуваат барајќи им пари. Мигрантите се спротивставиле и успеале да го одземат патничкото возило „Ауди“ на второпријавениот, по што се дале во бегство.
**Датум, време и место на инцидентот:** 7 јуни, околу 22:00 часот, с. Дуброво.
**Извор на информации:** Дневен билтен на Министерство за внатрешни работи.
**Инволвирани жртви:** Петмина мигранти.
**Вид на злосторства:** Разбојништво во обид (Член 237, КЗ) Измама (Член 247, КЗ) Лажно претставување (Член 391, КЗ)
**Сторители:** Четворица сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Разлика во етничкото потекло* – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (мигранти) која е убедливо помалубројна од припадници од групата граѓани во областа каде се случил инцидентот;
*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.

**Статус на случајот:** Поднесени кривични пријави против четири лица од страна на СВР Велес.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека по пријавувањето на настанот се преземени мерки при што од страна на ПС ОН Неготино до ОЈО Кавадарци поднесена е кривична пријава против 4 лица, Е.Е.(26) од Германија, А.Б. (36) од Велес, Н.С.(23) од Велес и А.М.(20) од Скопје поради постоење на основи на сомнение дека првопријавениот сторил три кривични дела по чл.247, ст.1 од КЗ „измама" , чл.391 „лажно претставување" и чл.237 в.в чл.19 „разбојништво во обид ", а другите тројца пријавени сториле две кривични дела по чл.391 „лажно претставување" и чл.237 в.в чл. 19 „разбојништво во обид".
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигранти кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

## 39. Каменуван автобус кај Бит- Пазар; тешко повреден осумнаесетгодишник (непотврдено)

**Што се случило:** Непознати лица каменувале автобус кај Бит-пазар. Осумнаесетгодишник, кој бил во автобусот бил погоден со камен во главата. Лицето веднаш било пренесено во Ургентниот центар каде што било задржано на лекување. Автобусот за време на инцидентот се движел во правец од Центар кон Автокоманда. Според информациите на МВР, инцидентот се случил кога група непознати лица го каменувале автобусот со бр. 50 на ЈСП на автобуската постојка кај хотел „Султан" на бул.„Крсте Петков Мисирков".
**Датум, време и место на инцидентот:** 12 јули, околу 23:45 часот, автобуска постојка кај хотел „Султан" на бул.„Крсте Петков Мисирков", Скопје.
**Извор на информации:** Електронски медиум Телеграф.
**Инволвирани жртви:** Едно осумнаесетгодишно лице.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Телесна повреда (Член 130, КЗ)
**Сторители:** Група од неколку непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – автобусот бр. 50 транзитира низ област населена од луѓе со мешан етнички состав; автобуската постојка од каде е каменуван автобусот се наоѓа во област населена од луѓе со мешан етнички состав
*2. Природа на насилство* – инцидентот се случил во јавност;
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека СВР Скопје презема мерки и активности за расветлување на кривично правниот настан и утврдување на идентитетот на сторителите по што ќе следува соодветен поднесок.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 40. Каменувани четири автомобили по завршување на фудбалскиот натпревар помеѓу Шкендија и Млада Болеслав (потврдено)

**Што се случило:** Непознати маскирани сторители каменувале четири автомобили во скопската населба Ѓорче Петров, непосредно по завршувањето на фудбалскиот натпревар помеѓу ФК „Шкендија" и ФК „Млада Болеслав" од Чешка. Инцидентот се случил кога сторителите почнале да фрлаат разни предмети, камења и бекатон плочки, врз четири автомобила. Како што информираа од полицијата

каменувани биле автомобил ауди, со тетовски регистарски ознаки, управуван од А.М. (31) од с.Нераште, автомобил фолксваген пасат, со тетовски регистарски ознаки, управуван од А.М. (27) од с. Пршовце, автомобил БМВ, со швајцарски национални ознаки, управуван од И.Н. (42) од с. Долно Палчиште, и автомобил ауди 7, со германски национални ознаки, управуван од А. Т. (41) од Гостивар.
**Датум, време и место на инцидентот:** 28 јули, околу 22:00 часот, ул. „Ѓорче Петров", Скопје.
**Извор на информации:** Електронски медиум МКД.
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ)
**Сторители:** Непознати.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент кој се случил за време на спортски настан, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. *Претпоставена разлика во етничкото потекло* – инцидентот се случил во област населена од луѓе со мешан етнички состав, веднаш по завршување на фудбалски натпревар во кој учествувал фудбалски клуб чии навивачи е можно да имаат различно етничко потекло од лицата кои живеат во областа каде се случил инцидентот;
2. *Време* - инцидентот се случил непосредно по фудбалски натпревар во кој учествувал клуб чии навивачи е можно имаат различно етничко потекло од лицата кои живеат во областа каде се случил инцидентот.
**Статус на случајот:** Затворен.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека веднаш по пријавувањето на настанот, полициски службеници од ПС ОН „Ѓорче Петров" излегле на местото на настанот и извршиле разговор со пријавителот, при што истиот изјавил дека не сака да поднесе пријава и се откажува од понатамошна постапка.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и безбедноста на луѓето присутни на или во близина на спортски натпревари.

## 41. Каменуван автобус во Ѓорче Петров (непотврдено)

**Што се случило:** Непознато лице каменувало автобус во движење на релација Автокоманда-Сарај. Инцидентот се случил кога непознатото лице со фрлање на камења искршил повеќе стакла од автобусот „Јутонг" на ЈСП-Скопје на улицата „Борис Сарафов" во Скопје. Инцидентот се случил три и пол часа откако биле каменувани четири автомобили по завршување на фудбалскиот натпревар помеѓу Шкендија и Млада Болеслав.
**Датум, време и место на инцидентот:** 29 јули, околу 00:30 часот, улица „Борис Сарафов", Ѓорче Петров, Скопје.
**Извор на информации:** Електронски медиум Прес 24.
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ)
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. *Претпоставена разлика во етничкото потекло* – автобусот транзитирал низ област населена од луѓе со мешан етнички состав; улицата од која е каменуван автобусот се наоѓа во област населена од луѓе со мешан етнички состав;

*1. Природа на насилство* – инцидентот се случил во јавност;
*2. Модел на претходни инциденти*- во текот на истата ноќ, само три и пол часа пред овој инцидент биле каменувани четири автомобили по завршување на фудбалскиот натпревар помеѓу Шкендија и Млада Болеслав.
**Сторители:** Непознати.
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека на 05.08.2016 од страна на одговорно лице од ЈСП во ПС ОН „Ѓорче Петров“ е поднесен записник за примање кривична пријава, како и дека СВР Скопје презема мерки и активности за расветлување на кривично правниот настан и утврдување на идентитетот на сторителот по што ќе следува соодветен поднесок.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 42. Двајца Сиријци нападнати на пат од Лојане кон Табановце (потврдено)

**Што се случило:** Двајца мигранти од Сирија движејќи се од с.Лојане кон ТЦ „Табановце”, биле нападнати од страна на пет непознати лица, при што на едниот му била нанесена расекотина со нож на левата надлактица.
**Датум, време и место на инцидентот:** 12 август, околу 16:30 часот, пат С.Лојане - Табановце.
**Извор на информации:** Електронски медиум Либертас.
**Инволвирани жртви:** Двајца сириски државјани.
**Вид на злосторства:** Телесна повреда (Член 130, КЗ), Насилство (Член 386, КЗ)
**Сторители:** 5 непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Разлика во етничкото потекло* – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (сириски мигранти) која е убедливо помалубројна од припадници од групата граѓани во областа каде се случил инцидентот;
*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека по пријавување на настанот од страна на две лица од Сирија кои биле сместени во ТЦ Табановце, преземени биле мерки од страна на полициски службеници од СВР Куманово, при што било утврдено дека се работи за нарушување на ЈРМ по пат на „Физички напад“. За настанот бил известен Јавен Обвинител од ОЈО Куманово и за истиот се преземаат мерки за целосно расчистување.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигранти кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

## 43. Во автобус нападнато 16-годишно момче (непотврдено)

**Што се случило:** 16-годишен малолетник бил нападнат во автобус бр. 50 на ЈСП од страна на десетина други малолетници, при што му била удрена шлаканица и му бил вперен нож во пределот на половината.
**Датум, време и место на инцидентот:** 15 септември, околу 13 часот, во автобус на ЈСП бр.50, на релација од „Битпазар“ до нас. Автокоманда.

**Извор на информации:** Дневен весник *Нова Македонија*.
**Инволвирани жртви:** Едно малолетно лице.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ)
**Сторители:** Група од десетина непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – сторителите и жртвата се возеле во автобус бр. 50 кој транзитира во област населена од луѓе со мешан етнички состав; можно е етничката припадност на сторителот да е различна од онаа на жртвата
*2. Природа на насилство* – инцидентот се случил во јавност;
**Статус на случајот:** Затворен.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека во дадената изјава пред полициски службеници во ПС ОН „Гази Баба" оштетениот изјавил дека не сака да пријави било каков настан и да поднесе записник за примање на пријава.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

### 44. Тепачка меѓу ученици во ГУЦ „Здравко Цветковски" (непотврдено)

**Што се случило:** Ученици од скопското средно училиште ГУЦ „Здравко Цветковски" физички нападнале двајца малолетници од истото училиште. Малолетниците се здобиле со повреди и биле пренесени во ГОБ „8 Септември" за укажување на лекарска помош.
**Датум, време и место на инцидентот:** 14 октомври, 17:45 часот, ГУЦ „Здравко Цветковски" Скопје.
**Извор на информации:** Електронски медиум ТВ21мк.
**Инволвирани жртви:** Две малолетни лица.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Телесна повреда (Член 130, КЗ)
**Сторители:** Група од 3 ученици од ГУЦ „Здравко Цветковски"
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – поради мешаниот етнички состав на учениците кои учат во наведеното училиште, можно е припадниците на двете групи да имаат различно етничко потекло;
*2. Природа на насилството* – инцидентот се случил во јавност.
**Статус на случајот:** Поднесена кривична пријава против три лица.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Скопје до надлежното ОЈО е поднесена кривична пријава против три лица.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

### 45. Антисемитски летоци во центарот на Скопје (потврдено)

**Што се случило:** Летоци со антисемитски пораки биле поставени на неколку возила во центарот на Скопје.
**Датум, време и место на инцидентот:** 19 октомври, околу 9 часот, во центарот на Скопје
**Извор на информации:** Инцидентот во Хелсиншкиот комитет е пријавен од страна на претставник на *Еврејската заедница во Република Македонија*

**Инволвирани жртви:** Во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Расна и друга дискриминација (Член 417, КЗ), Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ)
**Сторители:** Непознати.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*Содржина на летоците* – летоците се испишани со антисемитски пораки;
**Статус на случајот:** Не е регистриран.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека наведениот настан не е пријавен во полициска станица од општа надлежност на подрачјето на град Скопје.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на различните заедници во земјата.

## 46. Средношколец избоден со нож во автобус на ЈСП бр. 65Б (непотврдено)

**Што се случило:** Во автобус на ЈСП линиски број 65Б кој се движел во правец кон скопското село Смилковци, додека 16-годишно малолетно лице од селото Црешево - Скопје заедно со уште неколку лица седеле на вториот спрат на автобусот, на постојката пред бензинската пумпа лоцирана на ул.„Методија Андонов Ченто“ се качиле три непознати машки лица на возраст од околу 16-17 години и седнале во близина на оштетениот. Во еден момент едно од лицата дошло до оштетениот и физички го нападнал со тупаници и клоци, при што му се придружиле и другите лица кои продолжиле да ги удираат, влечат и малтретираат оштетениот и уште едно лице. Еден од сторителите кој држел нож во рацете, го доближил до вратот на едно женско лице. Во тој момент оштетениот со намера да го оттргне сторителот го турнал, а потоа сторителите со ножеви замавнувале кон него и неговиот пријател при што му нанеле расекотина на десната потколеница. По кратко време откако се отвориле вратите на автобусот, сторителите побегнале.
**Датум, време и место на инцидентот:** 4 ноември, 12:15 часот, во автобус на ЈСП бр.65б.
**Извор на информации:** Дневен весник Дневник; дневен билтен на МВР
**Инволвирани жртви:** Едно лице.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Телесна повреда (Член 131, КЗ), Загрозување на сигурноста(Член 144, КЗ)
**Сторители:** Едно непознато лице.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – сторителот и жртвата се возеле во автобус бр. 65 кој транзитира во област населена од луѓе со мешан етнички состав; во области со мешан етнички состав, можно е етничката припадност на сторителот да е различна од онаа на жртвата
*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на насилство во автобус на ЈСП бр.65
*3. Природа на насилство* – инцидентот се случил во јавност;
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека СВР Скопје презема мерки и активности за утврдување на идентитетот на сторителот на извршеното нарушување на јавниот ред и мир со физички напад по што ќе следува содветен поднесок.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 47. Нападнат младинец во автобус на ЈСП бр. 65 (непотврдено)

**Што се случило: В**о ПС ОН-Гази Баба, Ф.А.(18), од с.Црешево - Скопје, пријавил дека истиот ден околу 11.50 часот на ул.„Антон Попов" поточно во автобус на ЈСП бр.65 кој сообраќал на релација с.Раштак-Скопје, физички бил нападнат од страна на машко лице на возраст околу 18 години, кој го удрил со тупаница во пределот на лицето, при што му нанел видливи повреди во вид на оток и црвенило. До физичкиот напад е дојдено без повод и причина. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
**Датум, време и место на инцидентот:** 4 ноември, 11:50 часот, ул. „Антон Попов", Скопје
**Извор на информации:** Прес24.
**Инволвирани жртви:** Едно лице.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Телесна повреда (Член 130, КЗ)
**Сторители:** Едно лице
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – инцидентот се случил во област населена од луѓе со мешан етнички состав, можно е сторителите и жртвата да имаат различно етничко потекло;
*2. Природа на насилството* – инцидентот се случил во јавност.
**Статус на случајот:** Непознат.
**Одговор на локалните власти:** До моментот на пишување на овој извештај, МВР не одговори на Барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати во врска со овој инцидент.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 48. Две деца осомничени за обид за убиство (непотврдено)

**Што се случило:** По настаната вербална расправија, две 14 годишни деца тешко телесно повредиле едно осумнаесетгодишно лице во близина на кафе барот „Стоп" на ул. Битпазарска. Децата го нападнале лицето со умисла, при што го удирале со тупаници во пределот на главата и градниот кош, од кои удари оштетеното лице паднало на земја, здобивајќи тешка телесна повреда изразена во вид на контузии на главата со повреди на мозокот, крвавење и со наполнети бели дробови со течност. Од настанатите повреди животот му бил доведен во опасност. Од страна на јавниот обвинител е побарано да се одреди мерка притвор за двете деца.
**Датум, време и место на инцидентот:** 6 ноември, 1:00 часот, ул.Битпазарска, Скопје
**Извор на информации:** Дневен весник Фокус.
**Инволвирани жртви:** Едно лице.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Тешка телесна повреда (Член 131, КЗ)
**Сторители:** Две малолетни лица.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – инцидентот се случил во област населена од луѓе со мешан етнички состав, можно е сторителите и жртвата да имаат различно етничко потекло;
*2. Природа на насилството* – инцидентот се случил во јавност.
**Статус на случајот:** Поднесена кривична пријава против две лица.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое

Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Скопје до надлежното ОЈО Скопје е поднесена кривична пријава против две лица од Скопје.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 49. Искршени прозорците на штабот на СДСМ во Арачиново (потврдено)

**Што се случило:** Од страна на непознати сторители, во раните утрински часови биле искршени четири прозорски стакла од партискиот штаб на СДСМ во Арачиново.
**Датум, време и место на инцидентот:** 7 ноември, околу 05:00 часот, партиски штаб на СДСМ во Арачиново.
**Извор на информации:** Телевизија Телма, Електронски медиум МКД.мк.
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ)
**Сторители:** Непознати.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
*1. Целна локација* – целна локација е штабот на најголемата опозициска партија;
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека СВР Скопје презема мерки и активности за расветлување на кривично правниот настан и утврдување на идентитетот на сторителот.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

## 50. Две момчиња претепани во автобус кај Битпазар (непотврдено)

**Што се случило:** Во близина на Бит Пазар, околу 17 часот, додека автобусот на ЈСП број 50 се движел од Бит Пазар кон Центар, десетина непознати машки лица, на горниот кат од автобусот, физички нападнале две седумнаесетгодишни момчиња од селата Орман и Мирковци. Според информации од МВР, двајцата малолетници се здобиле со видливи повреди и со отоци по лицето и телото.
**Датум, време и место на инцидентот:** 10 ноември, околу 17 часот, во автобус на ЈСП бр.50, на релација од Бит Пазар кон Центар.
**Извор на информации:** Електронски медиум Плусинфо.
**Инволвирани жртви:** Две малолетни лица.
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Телесна повреда (Член 130, КЗ)
**Сторители:** Група од десетина непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – сторителите и жртвите се возеле во автобус бр.50 кој транзитира во област населена од луѓе со мешан етнички состав; можно е етничката припадност на сторителите да е различна од онаа на жртвите
*2. Природа на насилство* – инцидентот се случил во јавност;
**Статус на случајот:** Под истрага.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека СВР Скопје презема мерки и активности за расчистување на извршеното нарушување на јавниот ред и мир, по што ќе следува соодветен поднесок.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 51. Оштетена фасадата од музејот на албанската азбука во Битола (потврдено)

**Што се случило:** Непознат сторител извршил оштетување на фасадата од Музејот на албанската азбука, сопственост на Министерството за култура, при што со црна боја ги испрскал мермерната плоча и пластичната табла од влезната врата на музејот, а на ѕидот до влезната врата нацртал кукест крст.
**Датум, време и место на инцидентот:** 13 Ноември, 11 часот, Музеј на албанската азбука, Битола
**Извор на информации:** Електронски медиум МКД.мк.
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ),
**Сторители:** Непознати.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничката припадност, а пристрасните индикатори се:
*1. Целна локација* – целна локација е музејот на албанската азбука во Битола;
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека по пријавувањето на настанот и по овластување на ЈО од ОЈО Битола, бил извршен увид од СВР Битола. Настанот во СВР Битола бил заведен како кривично дело Оштетување туѓи предмети за кое согласно чл.243 ст.1 од КЗ гонењето се презема по приватна тужба. Дополнително, во одговорот е наведено дека се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот и откривање на сторителите.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 52. Разбојништво над бегалци кај Бит Пазар (потврдено)

**Што се случило:** Двајца баратели на азил, сместени во Прифатниот центар за баратели на азил Визбегово биле претепани и ограбени во близина на скопски Бит Пазар од страна на четири непознати лица. По телата на бегалците имало видливи повреди. По разбојништвото напаѓачите се упатиле во непознат правец. Случајот е пријавен во полиција, но не е објавен во дневниот билтен на МВР.
**Датум, време и место на инцидентот:** 17 ноември, околу 13:20 часот, во близина на Бит Пазар, Скопје
**Извор на информации:** Претставничка на невладина организација Легис.
**Инволвирани жртви:** Две лица – баратели на азил.
**Вид на злосторства:** Разбојништво (Член 237, КЗ), Телесна повреда (Член 130, КЗ)
**Сторители:** 4 непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:

*1. Разлика во етничкото потекло* – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (бегалци, баратели на азил) која е убедливо помалубројна од припадници од другата група граѓани во областа каде се случил инцидентот;
*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
**Статус на случајот:** Не е регистриран.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека наведениот настан не е пријавен во полициска станица од општа надлежност на подрачјето на град Скопје.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на лица кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

## 53. Повторно напад над Музејот на албанската азбука (потврдено)

**Што се случило:** На Денот на албанската азбука, во доцните вечерни часови, непознати сторители го вандализирале Музејот на албанската азбука во Битола. Сторителите со бекатон плочки ги искршиле стаклата од влезната врата на музејот, а над неа залепиле постер на кој има лав со меч кој му ги пресекува главите на двоглавиот орел и пишува „Смрт за шиптари“. Над спомен плочата е поставен уште еден постер на кој пишува „Стоп за шиптаризација“ и прецртан е албанскиот национален симбол, односно двоглавиот орел.
**Датум, време и место на инцидентот:** 21 Ноември, околу 23 часот, Музеј на албанската азбука, Битола
**Извор на информации:** Електронски медиуми МКД.мк.,СДК.мк, 24вести, ТВ Тера
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ),
**Сторители:** 2 непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
*1. Целна локација* – целна локација е музејот на албанската азбука во Битола;
*2. Време* – инцидентот се случил ноќта на 22 ноември, Денот на албанската азбука
*3. Модел на претходни инциденти* – ова е втор напад на Музејот на албанската азбука во временски период од десетина дена
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека по пријавувањето на настанот и по овластување на ЈО од ОЈО Битола, бил извршен увид од СВР Битола. Настанот во СВР Битола бил заведен како кривично дело „Оштетување туѓи предмети“ за кое согласно чл.243 ст.1 од КЗ гонењето се презема по приватна тужба. За пријавениот настан биле прегледани записи од видеонадзорот при што биле забележани две машки лица. Дополнително, во одговорот е наведено дека се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот и откривање на сторителите.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 54. Искршени стакла на штаб на ВМРО-ДПМНЕ во Неготино (потврдено)

**Што се случило:** Непознати сторители извршиле оштетување на стаклата на просториите на месниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ.

**Датум, време и место на инцидентот:** 23 ноември, во ноќните часови, партиски штаб на ВМРО-ДПМНЕ на улицата „Маршал Тито“ во Неготино.
**Извор на информации:** Електронски медиум Телеграф
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ)
**Сторители:** Непознати.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
*1. Целна локација* – целна локација е партиски штаб на владејачката партија;
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека по пријавувањето на настанот извршен е увид и за истото е доставено известување до ОЈО Кавадарци.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

## 55. Оштетен штаб на ВМРО-ДПМНЕ во Неготино (потврдено)

**Што се случило:** Непознати сторители извршиле оштетување на стаклата на просториите на месниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ на улица „Партизанска“ во Неготино. Ова е второ оштетување на штаб на оваа партија во Неготино, откако претходно беа искршени стаклата на друг партиски штаб на улицата „Маршал Тито“:
**Датум, време и место на инцидентот:** 23 ноември, во ноќните часови, партиски штаб на ВМРО-ДПМНЕ во Неготино.
**Извор на информации:** Електронски медиум Телеграф
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ)
**Сторители:** Непознати.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
*1. Целна локација* – целна локација е партиски штаб на владејачката партија;
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека по пријавувањето на настанот извршен е увид и за истото е доставено известување до ОЈО Кавадарци.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

## 56. Малолетници претепани кај Бит Пазар (непотврдено)

**Што се случило:** Двајца седумнаесетгодишни ученици од СУГС „Владо Тасевски биле физички нападнати од страна на 10 до 15 непознати лица, ученици во истото училиште. Непосредно пред физичкиот напад, сторителите се симнале од автобус на ЈСП бр. 50. Од страна на лекар кај двете малолетни лица биле констатирани телесни повреди, а едното лице е задржано на понатамошно лекување.

**Датум, време и место на инцидентот:** 23 ноември, 14:30 часот, во близина на Бит Пазар, Скопје
**Извор на информации:** Електронски медиум Макфакс.
**Инволвирани жртви:** Две малолетни лица
**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ), Телесна повреда (Член 130, КЗ)
**Сторители:** Група од 10мина сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – поради мешаниот етнички состав на учениците кои учат во наведеното училиште, можно е сторителите и жртвите да имаат различно етничко потекло;
*2. Природа на насилството* – инцидентот се случил во јавност.
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека на 05.08.2016 од страна на одговорно лице од ЈСП во ПС ОН „Ѓорче Петров" е поднесен записник за примање кривична пријава, како и дека СВР Скопје презема мерки и активности за расветлување на кривично правниот настан и утврдување на идентитетот на сторителот по што ќе следува соодветен поднесок.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 57. Оштетен уште еден билборд на ДУИ во Куманово (потврдено)

**Што се случило:** Непознат сторител извршил оштетување на билборд на кој бил поставен материјал на ДУИ на улицата „ЈНА" во Куманово.
**Датум, време и место на инцидентот:** 25 ноември, околу 12:30 часот, ул.ЈНА, Куманово.
**Извор на информации:** Електронски медиум Kumanovonews.
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ) Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ)
**Сторители:** Непознати.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
*1. Оштетен објект - на билбордот бил поставен материјал од политичката партија ДУИ;*
*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на оштетување на билборди со политичка содржина во предизборниот период
**Статус на случајот:** Непознат.
**Одговор на локалните власти:** До моментот на пишување на овој извештај, МВР не одговори на Барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати во врска со овој инцидент.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

## 58. Оштетен билборд на ДУИ во Куманово (потврдено)

**Што се случило:** Непознат сторител извршил оштетување на билборд на кој бил поставен материјал на ДУИ на раскрсницата од улиците „11 Октомври" и „11 Ноември" во Куманово.
**Датум, време и место на инцидентот:** 25 ноември, околу 12:30 часот, ул. ЈНА, Куманово.
**Извор на информации:** Електронски медиум Kumanovonews.
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ)
**Сторители:** Непознати.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
*1. Оштетен објект – на билбордот бил поставен материјал од политичката партија ДУИ;*
*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на оштетување на билборди со политичка содржина во предизборниот период
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека по пријавувањето на настанот од страна на УПС од СВР Куманово бил извршен преглед на поставениот билборд на ул.11ти Окотомври и 11ти Ноември во Куманово, при што било констатирано дека од страна на непознат сторител/и, од двете страни била искината плакетата поставена на билбордот. Настанот бил фото документиран од страна на увидна екипа при СВР Куманово и за истиот бил запознаен Јавен обвинител од ОЈО Куманово. Дополнително, во одговорот е наведено дека се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

### 59. Запален билборд на политичката партија БЕСА (потврдено)

**Што се случило:** Во текот на ноќта, во населбата Ѓорче Петров, непознати сторители потпалиле билборд на кој имало рекламен материјал на политичката партија БЕСА. Според Орхан Муртезани, портпарол на партијата, овој инцидент е предизвикан од „непријател на Албанците".
**Датум, време и место на инцидентот:** 25 ноември, во ноќните часови, нас.Ѓорче Петров, Скопје.
**Извор на информации:** Електронски медиум Либертас.
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ)
**Сторители:** Непознати.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
*1. Оштетен објект – на билбордот бил поставен материјал од политичката партија БЕСА*
*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на оштетување на билборди со политичка содржина во предизборниот период
**Статус на случајот:** Не е регистриран.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека наведениот настан не е пријавен во полициска станица од општа надлежност на подрачјето на град Скопје.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата., како и етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

### 60. Делумно изгорени два билборди со фотографии од кампањата на ДУИ (потврдено)

**Што се случило:** Во населбата Ѓорче Петров, од страна на непознат сторител делумно биле изгорени два билборда со фотографии на претставници на политичката партија ДУИ.

**Датум, време и место на инцидентот:** 25 ноември, околу 14:25 часот, на раскрсницата од ул. „Ѓорче Петров“ со ул.„Кузман Шапкарев“., нас. Ѓорче Петров, Скопје.
**Извор на информации:** Електронски медиум Скопјеинфо.мк.
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ)
**Сторители:** Непознати.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
*1. Оштетени објекти – на билбордите биле поставени материјали од политичката партија ДУИ*
*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на оштетување на билборди со политичка содржина во предизборниот период
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека СВР Скопје презема мерки и активности за расветлување на кривично правниот настан и утврдување на инволвирани лица по што ќе следува соодветен поднесок.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

## 61. Оштетен штаб на ВМРО-ДПМНЕ во Кавадарци (потврдено)

**Што се случило:** Од страна на непознати сторители било извршено оштетување на штаб на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, при што биле скршени стаклата од прозорот на задната страна на објектот.
**Датум, време и место на инцидентот:** 25 ноември, околу 23:30 часот, ул. Моша Пијаде, Кавадарци
**Извор на информации:** Електронски медиум Телеграф.мк.
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ)
**Сторители:** Непознати.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
1. Целна локација – целна локација е партиски штаб на владејачката партија;
*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на оштетување на партиски штабови во предизборниот период
**Статус на случајот:** Затворен.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека по пријавувањето на настанот, од страна на ПС ОН Кавадарци бил извршен увид на местото на настанот при што било констатирано дека се работи за кривично дело „Оштетување на туѓи предмети“ (чл.243 од КЗ), а бидејќи ова кривично дело се гони по приватна тужба не е поднесена кривична пријава против непознат сторител до ОЈО.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата

## 62. Каменуван автобус бр. 65 на ЈСП, повредено 17 годишно момче (непотврдено)

**Што се случило:** Седумнаесетгодишник од скопското село Булачани бил повреден во главата кога автобусот на ЈСП бр. 65 со кој патувал бил каменуван од непознат сторител. Со возило на Итна медицинска помош бил пренесен во болницата „Св.Наум Охридски“ каде му биле констатирани телесни повреди и бил задржан на понатамошно лекување. Возачот на автобусот во Полициската станица Гази Баба пријавил дека додека го управувал автобусот, кој сообраќал на редовна линија бр.65, непознат сторител фрлил камен во правец кон автобусот и искршил еден од прозорите од вториот кат. Во дневниот билтен на МВР се наведува дека се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителот и за целосно расчистување на случајот.
**Датум, време и место на инцидентот:** 29 ноември, околу 21:55 часот, во автобус на ЈСП бр.65 кој се наоѓал на ул.„Методија Андонов Ченто“ и ул. „Палмиро Тољати“ , Скопје.
**Извор на информации:** ТВ Алсат.
**Инволвирани жртви:** Едно седумнаесетгодишно лице.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Телесна повреда (Член 130, КЗ)
**Сторители:** Непознат сторител.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – автобусот бр.65 транзитира низ област населена од луѓе со мешан етнички состав; местото од каде е каменуван автобусот се наоѓа во област населена од луѓе со мешан етнички состав
*2. Модел на претходни инциденти – ова е последен инцидент од растечкиот тренд на каменување на автобусот на ЈСП бр.65*
*3. Природа на насилство* – инцидентот се случил во јавност;
**Статус на случајот:** Непознат.
**Одговор на локалните власти:** До моментот на пишување на овој извештај, МВР не одговори на Барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати во врска со овој инцидент.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 63. Загрозување на сигурноста во штаб на СДСМ во Кочани (непотврдено)

**Што се случило:** Непознати лица насилно влегле во изборниот штаб на ОО на СДСМ лоциран во „Шопинг центар“ - Кочани, каде биле присутни четири членови, и им се заканувале со физичка сила. Притоа, едно од лицата го отстранило изборниот плакатен материјал, кој бил поставен на излогот од штабот, го фрлил во картонска кутија и си заминал. Во дневниот билтен на МВР се наведува дека се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителите и за целосно расчистување на настанот.
**Датум, време и место на инцидентот:** 30 ноември, 18:55 часот, изборен штаб на ОО на СДСМ лоциран во „Шопинг центар“ - Кочани
**Извор на информации:** Дневен билтен на МВР
**Инволвирани жртви:** Четири лица.
**Вид на злосторства:** Загрозување на сигурноста (Член 144, КЗ)
**Сторители:** Група од непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
*1. Целна локација* – целна локација е штабот на најголемата опозициска партија;

*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на оштетување на билборди со политичка содржина во предизборниот период
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека по пријавувањето на настанот и по овластување на јавен обвинител од страна на увидна екипа од Надворешната Канцеларија за Крим работа Кочани бил извршен увид. Извршен бил разговор со сведок на настанот, за преземените мерки бил запознаен и Основниот јавен обвинител во Кочани, од чија страна било констатирано дека постојат елементи на кривично дело по чл.392 ст.1 од КЗ односно самовластие кое се гони по приватна тужба. Настанот бил пријавен и до ОЈО Кочани, при што од страна на ЈО била издадена наредба за преземање мерки по пријавениот настан. По постапување по наредбата целокупниот материјал во врска со настанот бил доставен до ОЈО.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

## 64. Ново каменување на автобус на ЈСП, повреден возачот (непотврдено)

**Што се случило:** Лицето И.Р. (38) од с.Арачиново, возач на автобус бр. 65 на ЈСП Скопје, телефонски во МВР пријавил дека на ул. „Методија Андонов-Ченто“, во близина на местото викано „Три Куќи“, додека управувал со автобусот, непознат сторител фрлил бекатон плочка во ветробранското стакло. И.Р. се здобил со повреди во пределот на очите и бил пренесен во Клиничкиот центар „Мајка Тереза“. После укажаната помош бил пуштен на домашно лекување.
**Датум, време и место на инцидентот:** 1 декември, 22:00 часот, во автобус на ЈСП бр.65 кој се наоѓал на ул. „Методија Андонов-Ченто“, во близина на местото викано „Три Куќи“
**Извор на информации:** Електронски медиум Република.мк.
**Инволвирани жртви:** Едно лице.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Телесна повреда (Член 130, КЗ)
**Сторители:** Непознат сторител.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
*1. Претпоставена разлика во етничкото потекло* – автобусот бр.65 транзитира низ област населена од луѓе со мешан етнички состав; местото од каде е каменуван автобусот се наоѓа во област населена од луѓе со мешан етнички состав
*2. Модел на претходни инциденти – ова е последен инцидент од растечкиот тренд на каменување на автобусот на ЈСП бр.65*
*3. Природа на насилство* – инцидентот се случил во јавност;
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека СВР Скопје презема мерки и активности за расветлување на кривично правниот настан „предизвикување општа опасност“ и утврдување на идентитетот на сторителот, по што ќе следува соодветен поднесок.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

## 65. Скршени прозорци на штаб на БЕСА (потврдено)

**Што се случило:** Во ноќните часови во точно неутврдено време од страна на непознат/и сторител/и

со камен извршено е оштетување на предно стакло од предизборен штаб на политичката партија Беса во с.Слатино, Општина Теарце.
**Датум, време и место на инцидентот:** 6 декември, во ноќните часови, партиски штаб на БЕСА во с. Слатино, општина Теарце.
**Извор на информации:** Електронски медиуми Локално.мк.; Fax.al
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ) Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ)
**Сторители:** Непознати.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
*1. Целна локација* – целна локација е предизборниот штаб на политичката партија БЕСА;
*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на оштетување на партиски штабови во предизборниот период
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Тетово бил извршен увид на местото на настанот, по што бил известен и Јавниот обвинител по чија насока пријавениот настан претставува дело кое се гони по приватна тужба.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

## 66. Обиен штаб на СДСМ во с. Виниче (непотврдено)

**Што се случило:** Во текот на попладневните часови бил обиен штабот на политичката партија „СДСМ“ до црквата во с. Виниче. Од страна на непознат сторител со употреба на сила скршена била влезната врата од објектот, влезено е внатре, направено било претурање, расфрлан бил рекламен материјал, а дел бил и одземен.
**Датум, време и место на инцидентот:** 7 декември, околу 17:52 часот, партиски штаб на СДСМ во с. Виниче.
**Извор на информации:** Електронски медиум Локално.мк
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ) Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ)
**Сторители:** Непознати.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
*1. Целна локација* – целна локација е штабот на најголемата опозициска партија;
*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на оштетување на партиски штабови во предизборниот период
**Статус на случајот:** Затворен.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека пријавителот бил запознаен дека треба да достави записник во надлежната полициска станица, но истиот не доставил писмена пријава.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

### 67. Опожарен билборд на ДУИ во н. Ѓорче Петров (потврдено)

**Што се случило:** Во населбата Ѓорче Петров, од страна на непознат сторител делумно биле изгорени два билборда со фотографии на претставници на политичката партија ДУИ.
**Датум, време и место на инцидентот:** 8 декември, околу 03:00 часот, на ул.„Ѓорче Петров" кај поранешен „Баумаркет", Скопје.
**Извор на информации:** Електронски медиум Локално.мк.
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ)
**Сторители:** Непознати.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
*1. Оштетен објект – на билбордот бил поставен материјал од политичката партија ДУИ*
*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на оштетување на билборди со политичка содржина во предизборниот период
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на СВР Скопје – Единицата за увид на место на настанот и анализа било извршено фотографирање, а оштетените биле запознаени дека извршеното кривично дело „Оштетување на туѓи предмети" се гони по приватна тужба и за истото треба да достават записник во надлежната полициска станица.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

### 68. Искршен прозорец на партиски штаб во н. Козле (потврдено)

**Што се случило:** Во периодот од 11.12.2016 година до 13.12.2016 година, на ул. „Козле-1" во објект на една политичка партија, непознат сторител искршил прозорско стакло. Според информациите пренесени во медиумот се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителот и за целосно расчистување на случајот.
**Датум, време и место на инцидентот:** Помеѓу 11.12 и 13.12.2016, партиски штаб на политичка партија во н. Козле .
**Извор на информации:** ТВ Сител.
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ)
**Сторители:** Непознати.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
*1. Целна локација* – целна локација е штабот на политичка партија;
*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на оштетување на партиски штабови во предизборниот период
**Статус на случајот:** Под истрага.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека пријавителот бил

запознаен дека извршеното кривично дело „Оштетување на туѓи предмети“ се гони по приватна тужба и за истото треба да достави записник во надлежната полициска станица, по што истиот бил во неколку наврати контактиран од страна на полициски службеници од ПС ОН „Карпош“.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

## 69. Кражба во партиски штаб во Кавадарци (непотврдено)

**Што се случило** Непознат сторител извршил тешка кражба од партиски штаб на политичка партија во Кавадарци. Сторителот влегол и одзел неколку пакети вода и сокови, мала греалка и апарат за кафе. Според информациите пренесени од медиумите, се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителот и за целосно расчистување на настанот.
**Датум, време и место на инцидентот:** Помеѓу 12.12 и 13.12.2016, партиски штаб на политичка партија во Кавадарци.
**Извор на информации:** Електронски медиум Либертас.
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Тешка кражба (Член 236 КЗ). Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ)
**Сторители:** Непознат сторител.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
*1. Целна локација* – целна локација е партиски штаб на политичка партија;
*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и оштетување на партиски штабови во предизборниот период
**Статус на случајот:** Затворен.
**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека од страна на ПС ОН Кавадарци бил извршен увид на местото на настанот при што било констатирано дека се работи за кривично дело „Кражба“ (чл.235 ст.2 од КЗ), а бидејќи ова кривично дело се гони по приватна тужба не е поднесена кривична пријава против непознат сторител до ОЈО.
**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

## 70. Оштетен штаб на СДСМ во Бардовци (потврдено)

**Што се случило:** Во утринските часови, непознат сторител го оштетил штабот на политичката партија СДСМ во село Бардовци. Непознатиот сторител со камен искршил две стакла од објектот.
**Датум, време и место на инцидентот:** 14 декември, партиски штаб на СДСМ во Бардовци, Скопје
**Извор на информации:** Електронски медиум 24вести.
**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ), Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ)
**Сторители:** Непознати сторители.
**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
*1. Целна локација* – целна локација е партиски штаб на најголемата опозициска партија;

*2 .Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и оштетување на партиски штабови во предизборниот период

**Статус на случајот:** Затворен.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент е наведено дека пријавителот бил запознаен дека извршеното кривично дело „Оштетување на туѓи предмети“ се гони по приватна тужба и за истото треба да достави записник во надлежната полициска станица и истиот во неколку наврати бил контактиран од страна на полициски службеници од ПС ОН „Карпош“, по што изјавил дека не сака да поднесе пријава и се откажува од понатамошна постапка.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.